ОПШТИНСКО СРЕДНО МЕДИЦИНСКО УЧИЛИШТЕ
Д-р ЈОВАН КАЛАУЗИ - БИТОЛА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

## ОСМУ ,,Д-р Јован Калаузи”
## Битола



***Август 2025***

# С о д р ж и н а

| | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 5 |
| 2. Лична карта на училиштето | 6 |
| 3. Мисија и визија | 12 |
| 4. Подрачја на промени и приоритети | 13 |
| 5. Акциски планови | 18 |
| 6. Календар | 25 |
| 7. Настава | 26 |
| 8. Оценување | 37 |
| 9. Вон-наставни активности | 42 |
| 10. Поддршка на учениците | 52 |
| 11. Грижа за здравјето | 63 |
| 12. Училишна клима и односи во училиштето | 65 |
| 13. Професионален развој на образовниот кадар | 70 |
| 14. Вклученост на семејствата во училиштето | 76 |
| 15. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето | 80 |

Прилози:

Програми за работа на

-училишни органи и тела и стручни соработници

- стручни активи

- слободни ученички активности

- акциони проекти

-програми за работа со ученици

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **АВРМ** | Агенција за вработување на РМ |
| **БРО** | Биро за развој на образованието |
| **ГПР** | Годишна програма за работа |
| **ДИЦ** | Државен испитен центар |
| **ДМ** | Државна матура |
| **ДПИ** | Државен просветен инспекторат |
| **КЗБ** | Комисија за заразни болести |
| **ЛЗ** | Локална заедница |
| **ЛОП** | Личен образовен план |
| **ЗИ** | Завршен испит |
| **МЗ** | Министерство за здравство |
| **МЦГО** | Македонски центар за граѓанско образование |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **НВО** | Невладини организации |
| **ОЖВ** | Образование за животни вештини |
| **ПМИО** | Проект за мултиетничка интеграција во образованието |
| **ПОП** | Посебни образовни потреби |
| **ПОС** | Професионална ориентација и советување |
| **ППР** | План за професионален развој |
| **ПРУ** | План за развој на училиштето |
| **СПУ** | Содржини планирани од училиштето |
| **СУА** | Слободни ученички активности |
| **УИТ** | Училишен инклузивен тим |
| **УСАИД** | Американска агенција за поддршка на образованието |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |
| **ЦССОО** | Центар за средно стручно образование и обука |

Врз основа на член 89 од Законот за средно образование и член 78 од Статутот на училиштето, Училишниот одбор при Општинското средно медицинско училиште,, Д-р Јован Калаузи,, Битола на својата редовна седница одржана на ден ------------------ година со одлука бр. ја усвои и одобри Годишната програма за работа на училиштето.

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

за учебната 2025 / 2026 година

Годишната програма за работа на училиштето претставува основен документ во кој се испланирани воспитно-образовните и педагошки активности со определени цели и задачи во кои покрај учениците и наставниот кадар вклучени се и родители, социјални партнери и бројни субјекти и институции од окружувањето и локалнота заедница.

ОСМУ “ Д-р Јован Калаузи “ Битола изготвува Годишна програма за работа на училиштето согласно со :

- Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 и 78/25).
- Наставните планови и програми за реализација на воспитно образовниот процес во средното стручно образование;
- Статутот на училиштето;
- План за развој на училиштето;
- Програмата за работа на училиштето од претходната година и
- Извештаи (Годишен извештај за работа на училиштето од претходната учебна година, извештаи од интегрална евалвација, од самоевалвација, извештаи за финасиското работење на училиштето, записници).

При иплементацијата и реализацијата на ГПР за 2025-2026 година, ќе се следат сите препораки на МОН, БРО, ЦССОО .Тоа го подразбира и усогласувањето на специфичностите на целокупниот воспитно-образовен процес со наставните планови програми, психо-социјалните карактерстки на учениците во овие услови, како и материјално-техничките, финансиските и кадровски ресурси со кои располага училштето. Во согласност со новиот закон за средно образование и новите правилници за кариерен советник и кариерно советување,координатор за практично образование, образовни асистенти, обучување за самозаштита во образовните институции, начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, како и новото упатство за потребниот број на работници во јавните средни училишта во РСМ и , ќе бидат соодветно имплементирани во воспитно-образовната работа на училиштето.

## Вовед

Карактеристика на современото живеење кај нас е отсликана со сложени и динамични општествено-економски и политички услови, долгогодишна транзиција и промени на многу полиња. Овој век е век на : информатичко – комуникациската технологија, екологијата, менаџментот, но и на развојот на демократските процеси, претприемништвото, мултикултурализмот. Затоа кадрите што се едуцираат во училиштата треба да се подготвуваат да се справуваат со тие предизвици. Доброто образование им обезбедува на децата поголеми шанси за успех во животот, шанси за задоволителна и добро платена работа, шанси за урамнотежен живот.

Прашањето што се однесува на подобрувањето на квалитетот на образовниот систем ги “оптоварува,, и наставниците и инспекторите и советниците, родителите... Од многубројните амбициозни определби на Владата на Република Северна Македонија, и стратешките приоритети ги посочуваме целите насочени кон: ,, Развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логичко и критичко размислување базирано на анализи и факти” и ,,Образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и оспособување за поттребите на пазарот на трудот”[1].

Споделувајќи ја визијата за современо општество базирано на квалитетни знаења и општество кое перманентно учи, ОСМУ “ Д-р Јован Калаузи “ во својата Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година, а која произлезе како котинуитет на спроведената самоевалуација и Планот за развој на училиштето, вклучува активности кои ги следат и стратешките приоритети на МОН како и стратешките цели на ЦССОО:

- усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот и развивање на системот на образование на возрасни согласно перспективата за доживотно учење
- перманентно унапредување, осовременување и иновирање на воспитно-образовниот процес особено во функција на реализација на дуално образование и учење базирано на резултати од учењето и стекнување на компетенции
- подобрување на условите за учење и постигнување на учениците со обновување на нагледните средства и помагала во функција и на теоретската и во корист на практчната настава
- зголемување на опфатот на ученици и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција како негување на сопствените традиционални вредности
- подобрување на капацитетите на човечките ресурси со иницијални и континуирани обуки и вложување и развој на дигиталните вештини и критичко размислување
- подобрување на услуги за професионална ориентација и кариерно насочување на учениците
- почитување на позитивните европски искуства и практики
- заштита и унапредување и на физичкото и на менталното здравје на учениците, вработените и окружувањето воопшто

[1] Извадок од Националната стратегија на образованието на РСМ

## Лична карта на училиштето

- ***Општи податоци за училиштето***

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | Општинско средно медицинско училиште “ Д-р Јован Калаузи,, |
| **адреса, општина, место** | Ул. “ Македонска фаланга “ 31 – б, Битола |
| **Телефон** | ++ 389 237 850 ; |
| **Фах** | ++ 389 237 850 |
| **е-маил** | osmu-drjovankalauzi-bitola@schools.mk |
| **основано од** | Народен одбор на Битолска околија |
| **Верификација- број на актот** | 9262 |
| **Година на верификација** | Од 29. 06. 1956 година |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1960 година |
| **Тип на градба** | Тврда градба – зграда |
| **Површина на објектот** | 2210 м$^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | 5738 м$^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 875 м$^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | претпладне: 7:15 ч; попладне: 13:30 ч |
| **Начин на загревање на училиштето** | Со централно парно греење |
| **Број на паралелки** | 32 |
| **Број на смени** | 2 |

- ***Просторни услови за работа на училиштето***

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 |
| **Број на подрачни училишта** | 0 |
| **Број на спортски терени** | 1 |
| **Број на катови** | 3 |
| **Број на училници** | 14 + 6 |
| **Број на помошни простории** | 4+1, Кариерен центар |
| **Училишна библиотека** | За продлабочување на знаењата на наставниците, како и стручно усовршување, а исто и за учениците, во функција е ставена и училишната библиотека со фонд над 7000 книги, стручна литература од областа на економските науки –бизнисот и менаџментот, развојот на маркетингот, социолошка литература, литература од областа на демократијата и правото, од медицинските науки, белетристика, лектири |
| **Начин на загревање на училиштето** | Училишниот објект се загрева со систем за парно греење изграден во 2000 година. Системот 90/70C$^0$ работи со два котли од типот YA-180 со капацитет од по 290 kW. Како гориво се користи лесно масло за горење сместено во сезонски резервоар со капацитет од 15 m$^3$ поставен во лежечка положба. Инсталацијата за гориво е изработена во согласност со одредбите со Правилникот за чување на масло за греење. Работниот притисок се одржуваат со експанзиони садови од по 280 литри. |

| | |
|---|---|
| **Материјално технички услови** | Во сопственост на ОСМУ,, Д-р Јован Калаузи " Битола припаѓа една зграда – изведена во тврда градба, со вкупна површина од 2210 м$^2$ кој податок е извлечен од катастарскиот план на земјиштето. Училиштето располага и со дворно место со вкупна површина од 5738 м$^2$ на која површина изградена е и спортска сала.<br><br>Училишниот двор е оплеменет со зеленило и претставува пријатно место за одмор на учениците, со уредени тревни површини и поставени клупи и масички.<br><br>Внатрешниот простор на училишната зграда е поделен на следниве категории простор со назначената површина :<br><br>▪ Подрумски простории со површина од 179 м$^2$<br>▪ Приземје со површина од 590 м$^2$<br>▪ Спрат со површина од 610 м$^2$<br>▪ Потпокрив со површина од 610 м$^2$<br>▪ Кабинетски простор со површина од 220 м$^2$ кој уште во 2000 година е ставен во употреба и истиот е изграден како приземна дополнителна градба лоцирана на северната страна од училишниот објект и со истиот е поврзана преку т. Н. " топла врска,,. Кабинетите кои служат за изведување на практична настава и вежби за учениците од здравствената струка и струката лични услуги целосно се опремени и максимално се искористени во текот на целата работна недела и истите пружаат комплетни услови за индивидуална работа на учениците, со посебни вештини кај учениците во рамките на струката.<br>▪ Спортска сала<br>На приземјето, спратот и потпокривот училиштето располага со училнички простор со квадратура од 863 м$^2$ кој е поделен на :<br><br>▪ 14 училници ;<br>▪ 7 специјализирани училници – кабинети, за обработка на пооделни наставни содршини и практична настава<br>▪ Канцеларија за директор;<br>▪ Канцеларија на помошникот на директорот ;<br>▪ Наставничка канцеларија со помошна чајна кујна ;<br>▪ Канцеларија за административен персонал;<br>▪ Просторија за техничкиот персонал;<br>▪ Канцеларии за педагошко-психолошката служба;<br>▪ Библиотека ;<br>▪ Центар за Кариера<br>▪ Санитарни јазли за учениците на трите нивоа на објектот ;<br>▪ Санитарни јазли за вработените на приземјето и на спратот. |

***-мапа на училиштето***







*C*

***-структура на училиштето***

| | |
|---|---|
| **Членови на училиштен одбор** | 1. Билјана Чапрагоска, претседател на УО, претставник од наставниците<br>2. Пенелопа Бабовска , претставник од наставниците<br>3. Јован Христовски, претставник од наставниците<br>4. Оливер Ѓоргиевски, претставник од совет на родители<br>5. Валентина Милошевска, претставник од основачот<br>6. Ацо Ристевски, претставник од основачот<br>7. Офелија Бејковска, претставник од основачот<br>8. Славчо Крстевски, претставник на деловната заедница<br>9. Илче Соклевски, претставник од Советот на родителите<br>10. Весна Карапетковска Христова, претставник на Советот на родителители<br>11 Александар Велјановски претставник од Министерството за образование и наука<br>12. Лилјана Поповска, претставник од редот на наставниците |
| **Членови на совет на родители** | Илче Соклевски<br>Весна Карапетковска Христова<br>Оливер Ѓоргиевски<br>Јулијана Аџиева<br>Пеце Цибалевски<br>Ирена Костадиновска<br>Дијана Пупуновска<br>Јасмина Јуруковска<br>Менче Ноневиќ<br><br>Кооптирање на нови членови родители на ученици од прва година |
| **Стручни активи (видови)** | -Стручен актив на наставници од општо-образовното подрачје на предмети ;<br><br>-Стручен актив на природно – математичкото подрачје;<br><br>-Стручен актив на доктори по медицина, стоматологија и фармација; |

| | |
|---|---|
| | -Стручен актив на медицински сестри |
| **Членови на ученичка заедница** | 64 |
| **Членови на еко-одбор** | 15 |

***- Наставен кадар***

| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Власи | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **Број на вработени** | 84 | 22 | 62 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| **Број на наставен кадар** | 65 | 15 | 52 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| **Број на стручни рораб.** | 3 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| **Административни раб.** | 3 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Техничка служба** | 6 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Директор** | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Помошни места во настава** | 5 | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Степен на образование на вработени** **Старосна структура на вработени**

| Образование | Број на вработени | Години | Број на вработени |
|---|---|---|---|
| **Високо образование** | 71 | **20-30** | 9 |
| **Виша стручна спрема** | 2 | **31-40** | 27 |
| **Средно образование** | 5 | **41-50** | 25 |
| **Основно образование** | 6 | **51-61** | 17 |
| | | **62 и повеќе** | 3 |

– ***Ученици*** (број на паралелки, број на ученици по образовн профили)

| Струка | Образовен профил /број на паралелки/број на ученици | Прва година | | Втора година | | Трета година | | Четврта година | | Вкупно според образ. профил | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | п | уч | п | уч | п | уч | п | уч | п | уч |
| Здравствена струка | Забен техничар | 1 | 23 | 1 | 25 | 1 | 22 | 1 | 20 | 4 | 90 |
| | Фармацевтски техничар | 2 | 30 | 2 | 39 | 2 | 38 | 2 | 29 | 8 | 136 |
| | Медицинска сестра | 2 | 58 | 2 | 66 | 2 | 68 | 2 | 67 | 8 | 259 |
| | Гинеколош.акушер.сестра | 1 | 10 | 1 | 13 | 1 | 28 | 1 | 30 | 4 | 81 |
| | Физиотерапевт. техничар | 1 | 20 | 1 | 18 | 1 | 22 | 1 | 21 | 4 | 81 |
| Лични услуги | Техничар за очна оптика | 1 | 34 | 1 | 29 | 1 | 26 | 1 | 18 | 4 | 107 |
| Вкупно по години на образование | | 8 | 175 | 8 | 190 | 8 | 204 | 8 | 185 | 32 | 754 |

– ***Наставен јазик***

| **Наставен јазик-** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **македонски** | **албански** | **турски** | **српски** |
| **Број на класови** | 32 | 0 | 0 | 0 |
| **Број на ученици** | 754 | 0 | 0 | 0 |
| **Број на професори** | 65 | 0 | 0 | 0 |

## Мисија и визија

### *Мисија*



ОСМУ “ Д-р Јован Калаузи “ – е училиште кое им овозможува на своите ученици да се оформат со квалитетен кадар со високоразвиена свест за меѓуетничка толеранција кој ќе може да одговори на потребите на пазарот на трудот. Оние ученици, кои решиле да го продолжат своето образование на високо образовните институции во земјата и странство, ги подготвуваме активно да се вклопат во современите едукативни токови.

Нашиот високообразовен кадар работи во современи услови и користи најсовремени методи за учење и работа. Со тоа, учениците не се само стручно оспособени, туку кај нив се развиваат и комуникациските вештини, мултикулурализмот како и вештините за превземање ризик и донесување одлуки.

### *Визија*

За реализација на поставената визија треба да се реализираат низа активности кои ќе дадат резултат во наредните години. Визијата не се состои во еднаш испланирани активности, туку тие континуирано се планираат и реализираат.

Развојот на нашето училиште во согласнот со Програмата за развој на училиштето го гледаме во достигнување на стандардите на еден ефикасен, ефективен и модерен училиштен центар кој ќе нуди широк спектар на образовни и друг тип на услуги за учениците, граѓанството и регионот во целина, ќе го негува мултикултурализмот и меѓуетничка толеранција.

Сето ова ќе се овозможи под водство на моќен и ефективен менаџмент со развиени претприемачки способности, ефикасна организациска поставеност со флексибилност и мобилност во поглед на работните задачи и задолженија на вработените кои одговоараат на секој предизвик на училиштето во целост.

## Подрачја на промени, приоритети и цели

Посебните подрачја на промени и приоритети за оваа учебна 2025/2026 година делумно произлегуваат од подрачјата на Самоевалуацијата на училиштето и Програмата за развој на училиштето, а во согласност со конкретните потреби на училиштето врз база на извршената SWOT анализа. Некои од нив претставуваат надоградување и продолжување на активностите започнати во претходните години, но дел од активностите се поврзани со новиот закон за средно образование и новите донесени правилници и упатства согласно истиот.Истовремено акцентираме дека утврдените подрачја на промени и приоритети кореспондираат со мисијата и визијата на училиштето.

За учебната 2025/2026 година тоа ќе бидат:

I. **Унапредување на материјално-техничките услови за работа на училиштето**

- адаптирање на простоија за кабинет за практична настава за образовниот профил:физиотерапевтски техничар и опремување на истиот со нагледни средства и апаратура за работа
- адаптирање на доплонителен простор како кабинет за вежби за образовните профили:медицинска сестра и гинеколошко-акушерска сестра и набавка на нагледни средства за истите
- реконструкција на ходниците во училишната зграда и нивно уредување
- започнување на постапка за оградување на училишниот двор

II. **Унапредување на воспитно-образовен процес** преку:

- зајакнување на инклузивиот процес преку образовната асистенција за учениците со попреченост и соработка со определени ресурсни центри
- зајакнување на компетенциите на наставниците и нивно стручно надградување преку обуки за унапредување на дигиталните вештини и влијанието на вештачката интелегенција:
,,Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава''
- унапредување на капацитетите на учениците со воведување на кариерни советници кои ќе работат на полето на професионален развој и кариерно советување

- подигнување на еколошката свест кај учениците и поттикнување на одржлив начин на размислување за решавање на еколошки предизвици

III. **Развивање на интернационална соработка** преку учество во проекти, екскурзии и посети на настани и установи во насока на равивање на потенцијалите и проширувања на знаењата и видиците на учениците

- Вклучување во RYKO Superschools проектот шреку партнерство со Среднот заботехничко училиште од Сараево, Босна и Херцеговина
- Организирање на стручно научни екскурзии надвор од земјата (Белград- со посета на настанот ,, Фестивал на науката'' и ,,Музејот на Никола Тесла'' за учениците од прва и втора година;
- Атина-за учениците од четврта година со посета на историските знаменитости Акропол и партенон како и музеите во склоп на Националниот уноверзитет во Атина

I Подобрената инфраструктура во изминатите неколку години придонесоа и за унапредувањето на училишната клима. Активностите во тој правец ќе продолжат и оваа учебна година.

Здравјето претставува целосна благосостојба на организмот и физичка и психичка, а не само отсуство на болест. Современото живеење ја препознава физикалната терапија, масажата и рехабилитацијата како нераскинлив дел не само при третманот на секоја болест туку и како стил на живот кој го подобрува функционирањето на секој поединец без разлика на возраста. Ова пак подразбира и современи услови за учење и работа во кои учениците од образовниот профил/квалификација физиотерапевтски техничар, ќе можат да ги вежбаат и практицираат компетенциите и вештините неопходни на пазарот на труд и на тој начин да ги унапредат резултатите од учењето согласно наставните програми. Адаптација на нов училишен кабинет опремен со современи нагледни средства и апаратура за овој образовен профил ќе биде еден од приоритетите во оваа учебна година.

Во истата насока и со иста цел ќе биде и адаптирање на простор за уште еден кабинет за вежби за учениците од образовните профили/квалификации медицинска сестра и гинеколошко-акушерска сестра. Почажаниот големи интерес од учениците при упис во прва година го поткрепува овој приоритет исто така за оваа учебна година.

- Подобрување на условите за работа со поставување на енергетски ефикасна фасада на училишната зграда е продолжение на активностите од претходната година насочени кон реконструкција на училишните кабинети каде учениците од II, III и IV година реализираат практична настава. Средствата се обезбедени преку апликација во проектот на Владата на Р. С: Македонија и Министерството за образование и наука. Очекуваме дека со подобрувањето на инфраструктурните елементи ќе се обезбеди попријатна и стимулативна атмосфера за работа на сите субјекти. Не треба да се спомене дека на квалитетот и наставниот процес и на воспитно-образовната работа мотивирачки делуваат и условите за работа.

II. Унапредувањето на воспитно образовниот процес е стратешка определба на Министерството за образование која што од година во година постојано се реализира. Како една од најбитните определби од оваа област, инклузивното образование, е дел кој што бара постојано и континуирано надоградување. Обуките и поддршката на наставниците од оваа област ја сметаме за пресудна за реализирање на целиот процес а соработката со Регионалните ресурсни центри од огромно значење во тоа поле Има многу дефиниции, но наједноставно кажано инклузивното образование е квалитетен воспитно-образовен процес кој за СИТЕ деца, идни граѓани на инклузивното општество, значи присуство, учество и постигнување успех, согласно индивидуалните потенцијали. Деца со посебни образовни потреби се децата со попреченост, но исто така и тоа во многу поголем процент и сите други, кои од најразлични причини имаат потешкотии во учењето: со проблеми во однесувањето; емоционални или здравствени проблеми; сериозни моментални состојби во семејството (болест, загуба, невработеност, преселба, развод, семејна дисфункционалност); бегалци... за кои се потребни соодветни дополнителни активности. Деца со посебни образовни потреби се и сите талентирани ученици за кои се потребни додатни активности, во зависност од областа за која се надарени. Зголемувањето на постигнувањата на учениците го сметаме за должност како на самите ученици така и на училиштето.

Со ново законско решение од оваа учебна година се обезбедува образовна асистенција за секој ученик за кој родителите ќе изјават потреба. Иако примарната улога на еден образовен асистент е да обезбедува поддршка на наставникот во начинот на пристапување и задоволување на посебните образовни потреби на учениците во еден клас, сепак, сигурноста на родителите/старателите е поголема кога детето има образовен асистент кој целосно му е посветен само нему, секој училишен ден. Училиштата со ресурсни центри согласно законските прописи прават напори

образовниот асистент да продолжи да работи со ученикот на кој и до тој момент му обезбедувал асистенција за полесно совладување на наставната материја и секојдневните обврски. Училиштето успешно чекори по овој пат веќе четврта година.

Заради тоа, континуираното следење на учениците, нивните потреби и барања согласно модерните трендови и развојот на технологијата, планираме континуирано јакнење на компетенциите на наставниците преку учество во достапни обуки организирани од соодветните и релевантни институции во државата.

Воведување на вештачката интелигенција во националниот образовен систем во Македонија и континуираната дигитализација во образовниот процес налагаат континуирана едукација и јакнење на компетенциите на ова поле и на наставниците и на учениците. „Развојот на националниот образовен систем и грижата за создавање на квалитетни и добро едуцирани млади генерации е обврска на цело општество" вели министерката В. Јаневска .,,Важно е нашите ученици да знаат етички да ја применуваат при остварувањето на образовни и професионални цели". Според плановите на МОН, трипартитната соработка со УГД –Штип и со брендот ,,Бреинстер'' ќе следат активности на ова поле уште во оваа учебна година во кои и училиштето ќе се вклучи. Зајакнување пак на компетенциите на наставниците и унапредување на дигиталните вештини ќе биде поткрепено со соодветноа обука во соработка со 03 Инвест и обуката ,,Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава''.

Со новините во Законот за средно образование кариерната патека учениците од оваа учебна година ќе можат да ја планираат во консултации со кариерните советници кои обезбедувајќи квалитетни и ажурирани информации во врска со кариерно насочување преку понатамошно образование и пристап на пазарот на труд ќе го изработат својот личен кариерен план.

Еколошката свест и култура и овој пат нема да биде изоставена бидејќи покрај редовните содржини кои се планирани во реализацијата на наставните активности, дополнително ќе се развиваат преку решавање на еколошки предизвици и во рамките на струката преку СПУ.

III. Отворени хоризонти и проширени видици ќе бидат овозможени со вклучување на учениците и наставниците во интернационални проекти како и програмата РИКО во која училиштето аплицира.

Ја споменуваме соработката со Средното заботехничко училиште од Сараево, Босна и Херцеговина, која очекуваме да биде потврдена со подготвениот проект ,, Насмевки без граници''

Планираните екскурзии и посети на институции и настани надвор од земјата очекуваме да бидат поттикнувачки за развивање на креативноста. Музејот на Никола Тесла, еден од најзначајните пронаоѓачи во историјата на науката, и посетата на настанот ,, Фестивал на науката'' во Белград имаат за цел да дадат еден нов и свеж поглед на различни научни области укажувајќи на важноста на науката и технологијата во секојдневниот живот.

Предложената стручна екскурзија во Атина, има за цел да го збогати знаењето на учениците преку интердисциплинарен пристап од повеќе области, како историја, географија, граѓанско образование, но би се посветило внимание на историјата на медицината и основите на здравството кои се поврзани со Хипократ, таткото на модерната медицина. Исто така планирана е и посета на најстариот универзитет на Балканот и југо-источна европа формиран во 1837 година и еден од најголемите универзитети во светски рамки. Во негов склоп се наоѓаат и повеќе научни музеи од различни области а во наш интерес би се посетиле музеите за: анатомија, патологија и фармацевтскиот музеј како и музејот на образованието посебно на забни училишта во кој го следи текот од 1916 година па наваму, со богати експонати на инструментариум кој се користел низ годините:бушилици, протези, оперативни инструменти, ретки светла и многу други работи со кои патуваме низ минатото на стоматологијата.

Активностите во сите три приоритетни подрачја во оваа учебна година комплементарно се надополнуваат и ја имаат истата цел – ученикот, во центарот на сите збиднувања.

## Акциски планови

Конкретни задачи и специфични активности за нивна реализација, време за реализација, одговорни лица за спроведување на активноста, начин на спроведување на активноста, кои се очекувани резултати од реализираната активност, следење на реализацијата следат во прегледот во продолжение.

### I. Унапредување на материјално-техничките услови за работа на училиштето

| Цел 1. 1 | ***Адаптирање на просторија за кабинет за практична настава за квалификацијата:физиотерапевтски техничар*** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | временска рамка | | | | | | | | | | |
| **Задача** | **Активност** | | | | | | | | | **Носител** | **ресурси** | **Очекувани резултати** |
| **Состанок на менаџментот на училиштето и формирање на тим за поддршка и следење на активностите** | Состанок на раководниот тим и формирање на тим со стручните наставници и дефинирање на понатамошни чекори за работа | | | | | | | | | Директорот, пом. Директори Стручни наставници од профилот физиотерапевтски техничар | Компјутерска опрема, | Дефинирана временска рамка и конкретничекори за понатамошна работа |
| **Состанок на тимот** | Договарање и разгледување на активности, динамика, одговорни лица, потребни ресурси, потенцијални донатори и контакт со нив | | | | | | | | | Директорот, пом. Директори Училишен тим за поддршка | Компјутерска опрема Интернет пристап | Дефинирана временска рамка и подготвен план на активности, обезбедени финансиски средства од донации |
| **Набавка на потребни материјали за реконструкција и нагледни средства** | Разгледување на понуди, контакти со потецијални изведувачи и фирми | | | | | | | | | Училишен тим за поддршка | Компјутерска опрема Интернет пристап | Обезбедени потребни материјали и нагледни средства и опрема за работа и учење |
| **Уредување на кабинетот и пуштање во функција** | Завршување на изведбените работи и поставување на нагледните средства, инструментите и апаратурата | | | | | | | | | Училишен тим за поддршка | Финансиска поткрепа од донации | Позитивна клима и за работа и учење и повисоки постигања на учениците |
| **Промовирање на изведениот проект** | Поготовка на извештај за реализацијата и презентирање пред органите на училиштето | | | | | | | | | Училишен тим за поддршка | Компјутерска опрема Интернет пристап | Позитивна клима за работа и подобрување на имиџот на училиштето |
| **Цел 1. 2** | ***Адаптирање на просторија за кабинет за практична настава за квалификаците:медицинска сестра и гинеколошко акушерска сестра*** | | | | | | | | | | | |
| **Состанок на менаџментот** | Состанок на раководниот тим и формирање на тим со | | | | | | | | | Директорот, пом. | Компјутерска опрема, | Дефинирана временска рамка и |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **на училиштето и формирање на тим** | стручните наставници и дефинирање на понатамошни чекори за работа | | | | | | | | | Директори Стручни наставници од профил медицинска сестра | | конкретничекори за понатамошна работа |
| **Состанок на тимот** | Договарање и разгледување на активности, динамика, одговорни лица, потребни ресурси, потенцијални донатори и контакт со нив | | | | | | | | | | | |
| **Набавка на потребни материјали за реконструкциј а и нагледни средства** | Разгледување на понуди, контакти со потецијални изведувачи и фирми | | | | | | | | | | | |
| **Уредување на кабинетот и пуштање во функција** | Завршување на изведбените работи и поставување на нагледните средства, инструментите и апаратурата | | | | | | | | | | | |
| **Промовирање на изведениот проект** | Поготовка на извештај за реализацијата и презентирање пред органите на училиштето | | | | | | | | | Училишен тим за поддршка | Компјутер ска опрема Интернет пристап | Позитивна клима за работа и подобрување на имиџот на училиштето |
| **Цел 1. 3** | ***Реконструкција на ходниците во училишната зграда и нивно уредување*** | | | | | | | | | | | |
| **Состанок на менаџментот на училиштето и формирање на тим** | Консултации со фирми кои ќе понудат идејно решение за реконструкција | | | | | | | | | Директорот, пом. Директори | Комјутер, нтернет пристап | Преглед на потреби |
| **Состанок на тимот** | Контакти со фирми изведувачи Побарување на понуди Избор на понуда Определување на динамика на активности | | | | | | | | | Тим за поддршка | Комјутер, интернет пристап | Поволна училишна клима,изграден поглед и сфаќања за демократија |
| **Следење на планираната реализација** | Адаптирање на условите за изведување на реконструкцијата и отпочнување на истата | | | | | | | | | | | |
| **Промовирање на изведениот проект** | Поготовка на извештај за реализацијата и презентирање пред органите на училиштето | | | | | | | | | Училишен тим за поддршка | Компјутерс ка опрема Интернет пристап | Позитивна клима за работа и подобрување на имиџот на училиштето |
| **Цел 1. 4** | ***Започнување на постапка за оградување на училишниот двор*** | | | | | | | | | | | |
| **Состанок на менаџментот на училиштето и формирање** | Контакти со фирми изведувачи на идеен проект | | | | | | | | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на тим | | | | |
| Состанок на тимот | Побарување на понуди Избор на понуда на активности | Тим за поддршка | Комјутер, интернет пристап | Избор на поволна понуда и изработен идеен проект |
| Состанок на тимот | Контакти со изработивачот на идејниот проект и финализирање на проектот | Тим за поддршка | Комјутер, интернет пристап | Изработен проекти отворена можност за аплицирање |

**II.** ***Унапредување на воспитно-образовен процес преку:***

- ***зајакнување на инклузивниот процес***
- ***јакнење на компетенциите на воспитно-образовниот кадар и учениците***

| Цел 2.1 | Зајакнување на инклузивниот процес | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | временска рамка | | | |
| **Задача** | **Активност** | | **Носител** | **ресурси** | **Очекувани резултати** |
| **Состанок на училишниот инклузивен тим** | **Консултации со претставници на регионални ресурсни центри околу специфични насоки во врска со видовите на попреченост и споделување на истите со наставниците** | континуирано | Директорот, пом. Директори и, учил.инклузивен тим Образовен асистент | Комјутери, интернет пристап | Активно вклучување во обуките Формиран тим од наставници кои ќе учествуваат во дисеминасподелени информации |
| **Формирање на инклузивни тимови за секој ученик** | Состанок со наставниците од паралелките каде учат учениците со попреченост и споделување насоки за работа | | учил.инклузивен тим Образовен асистент | Комјутери, интернет пристап | Збогатени искуства и идеи, олеснета имплементација, квалитетна настава |
| **Имлементација на стекнатите сознанија** | Изработка на индивидуални образовни планови искуства, идеи, предлози во врска со наставата | | Наставници, стручни соработници,наставници,образовен асистент | Компјутерска опрема,, интернет, наставни материјали, презентации | Изготвен ИОП на наставниците и организирани обуки |
| **Користење на стручна литература и позитивни искуства, обуки..** | Следење на позитивни искуства во консултаци образовниот асистент инасоките добиени од ресурсните центри имплементирање во ра на сопствените планир и активности | континуирано | Образовен асистент. Наставници Инклузивен тим | Компјутерска опрема,, интернет, наставни материјали, презентации | ефективна настава, мотивирани ученци и наставници, рми тве ри цит |
| **Реализација на нагледен час** | Планирање, реализација и проследување на | | Наставници и образовен | Компјутерска опрема,, интернет, | Мотивирани наставници, проширени видици, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | нагледни часови во рамки на паралелката | | асистент. | наставни средства и материјали, презентации | интересни и квалитетни часови |
| **Подготовка на извештај за реализираните активности** | Следење на предвидените активности и поддршка на наставниците во реализирање на истите | | Образовен асистент Училишен инклузивен тим | Компјутерска опрема,, листи за евалуација | Успешно реализирани активности |
| **Цел 2. 2** | **Јакнење на компетенциите на воспитно-образовниот кадар** | | | | |
| **Состанок со претседатели на стручни активи** | Консултирање и споделување на искуства, разработување на идеи :личен развој, проф.усовршување, инклузија | | Директорот, пом. Директор стручни соработници | Компјутерска опрема,, интернет, наставни материјали, презентации | Детектирани обуки и збогатени искуства и идеи, олеснета имплементација, |
| **Споделување на искуства во рамки на активите** | Споделување на сознанијата и нивна имплементација во рамки на стручните активи | Континуирано | Претседатели на активи | Компјутерска опрема,, интернет, наставни материјали, | Збогатени искуства и идеи, олеснета имплементација, квалитетна настава |
| Вклучување во **обуки во организација на МОН, БРО , ЦССОО** | Проследување на обука**:** ,,Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава" | Според динамика на МОН | Директор, пом. директор стручни соработници | Компјутерска опрема,, интернет, наставни материјали, презентации | Обучени наставници, Позитивна училишна клима |
| **Имлементација на стекнатите сознанија** | Подготовка на планирања за настава и имплементација на истите | Континуирано | наставници | Компјутерска опрема,, интернет, наставни материјали, презентации | Современа и инерактивна настава, подобри постигања на учениците |
| **Цел 2. 3** | **Јакнење на компетенциите на учениците** | | | | |
| **Состанок со назначените корординатори за кариерно советување** | Консултирање во врска со новиот правилник и предвидените активности | | Директор, пом. директор | Компјутерска опрема,, интернет, наставни материјали, | Конкретизирани активности имплементација, |
| **Подготовка на план за кариерно советување** | Изработка на план со таргетирани ученици,определени активности, фирми и институции кои се од интерес за кариерно информирање | | Ученици, кл.раководители, | Компјутерска опрема,, интернет, наставни материјали, презентации | Збогатени искуства и идеи, олеснета имплементација, квалитетна настава |
| **Следење и учество на онлајн обуки за кариерно советување** | Детектирање и учество на онлајн обуки во организација нс МОН,ЦССО и БРО | Според динамика на МОН | Кариерни советници | Компјутерска опрема,, интернет, наставни материјали, презентации | Обучени наставници,добро организирани активности од ова поле |
| **Реализација програмата** | Имплементирање на активностите предвидени во планот | Континуирано | Кариерни советници | Компјутерска опрема,, интернет, наставни материјали, презентации | Информирани ученици со подготвени кариерни планови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подготовка на извештај за реализираните активности** | Имплементирање на програмата и подготовка на извештај за реализација до директорот | | Кариерни советници | Компјутерска опрема,, листи за евалуација | Успешно реализирани активности и кариерно информирани ученици |

**III Развивање на интернационална соработка** преку учество во проекти, екскурзии и посети на настани и установи

| **Цел 3. 1** | Проект: ,,Насмевки без граници" во соработка со Средното заботехничко училиште од Сараево | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање на тим за реализирање на идејата | Состанок на менаџерскиот тим со наставници и наставници по стручни предмети | | Директор и пом.директор | Комјутер, интрнет пристап | Определен тим на наставници кои ќе го водат проектот и аплицираат во РИКО програмата |
| Подготовка на проект за аплицирање | Контакт со претставници од училиштето од Сараево | | Директор, пом.директор и училишен тим за РИКО | | Конкретизирана идеја за проект висока мотивираност кај наставниците |
| | Подготвка на план за делување и разработување на идејата за аплицирање како проект | | | | |
| | Поднесување на апликацијата | | | Комјутер, интрнет пристап | Поднесена апликација |
| | Спроведување на конкретните активности после добиената потврда за прифатена апликација | | | Комјутер, интрнет пристап | Успешно реализирани активности<br>Зајакнати комуникациски и меки вештини<br>Проширени видици |
| **Цел 3. 2** | Екскурзии и посети на институции и настани надвор од земјата | | | | |
| Посета на Музејот на Никола Тесла и куќата на цвеќето | Запознавање со:<br>-животот и пронајдоците на еден од најголемите истражувачи во науката Н.Тесла<br>- историјата на поранешна Југославија и политичката улога на Јосип Броз Тито. | | Директор, пом директор | Компјутер, интернет пристап, | -Продлабочени знаења за:<br>- пронајдоците на Н.Тесла и ивната улога за развивањето на научниот свет<br>- улогата на Ј.Б.Тито во НОБ и создавањето на Југославија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Посета на настанот ,, Фестивал на науката" | Да се сретнат со предизвици од секојдневието и нивно разрешување низ повеќе научни области преку излагања на истражувачи од различни земји | | | | | | | | | наставници од општествени и природни науки, наставници по стручни предмети | Интернет пристап, компјутер | Ученици со јасни согледувања за важноста на науката и технологијата во секојдневниот живот |
| Атина, Р.Грција: посета на Партенон и музејот на Акропол | Запознавање со зачетоците на медицината во стара Грција, културата, уметноста,нејзинот о значење и влијание | | | | | | | | | | Интернет пристап, компјутер | Проширени знаења за почетоците на медицината и значењето на Хипократовата заклетва и влијанието врз современата медицина и етика, античката култура, уметност и зачетоците на демократските вредности |
| Посета на музеи во склоп на Националниот и Каподистриан Универзитет на Атина | Разгледување на поставките и експонатите во музеите за :анатомија, патологија,фармакологија и забните училишта | | | | | | | | | Наставници по стручни предмети | Интернет пристап, компјутер | Збогатени знаења за зачетоците и развојот на медицинските науки низ годините и запознавање со многу експонати кои сведочат за времето кога се користеле и како напредувале , како и за патологијата на различни заболувања кај човекот |

**Акционен план за работа на еко проектот за учебната 2025/2026 година**

Име на еко- училиште: ОСМУ,, Д-р. Јован Калаузи,, Битола

Кординатори на проектот: Проф. Гордана Османли

За оваа учебна година во рамките на проектот за имлементација на еколошка едукација во македонскиот образовен систем, училишниот еко тим во моментот работи на планирање и реализација на точките акција и проширените еко стандарди. Истите предвидуваат поголем избор на содржини и активности во кои многу полесно ќе можат да се осмислат активности за поголем број на наставни предмети и наставни содржини кои тие ги опфаќаат. Новиот акционен план ќе биде приложен како анекс кон Годишната програма за работа на училиштето.

Во рамки на еколошките активности ќе бидат организирани акции за чистење на училишните простории и училишниот двор и тоа во третата недела на октомври во рамки на подготовките на активностите за одбележување на Патрониот празник на училиштето и, на денот на пролетта и еколошката акција 21 март. Програмата за овие еколошки активности е во прилог кон оваа Годишна програма за работа на училиштето.







## Календар

Организацијата на воспитно-образовната работа во ОСМУ,, Д-р Јован Калаузи “ се планира и реализира согласно со календарот за организација на учебната 2025/ 2026 во јавните средни училишта донесен од Министерот за образование и наука и, истиот може да претрпи промени во согласност со предлози и уредби на Владата и МОН.

### Календар за учебната 2025/2026 година

#### Полугодие I

**СЕПТЕМВРИ**

| Работна недела | п | в | с | ч | п | с | н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| II | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| III | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| IV | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| V | 29 | 30 | | | | | |

**ОКТОМВРИ**

| Работна недела | п | в | с | ч | п | с | н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| V | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| VI | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| VII | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| VIII | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| IX | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | | |

**НОЕМВРИ**

| Работна недела | п | в | с | ч | п | с | н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IX | | | | | | 1 | 2 |
| X | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| XI | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| XII | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| XIII | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |

**ДЕКЕМВРИ**

| Работна недела | п | в | с | ч | п | с | н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| XIV | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| XV | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| XVI | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 |
| XVII | 29 | 30 | 31 | | | | |

#### Полугодие II

**ЈАНУАРИ**

| Работна недела | п | в | с | ч | п | с | н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| XVIII | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| XIX | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | |

**ФЕВРУАРИ**

| Работна недела | п | в | с | ч | п | с | н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | 1 |
| XX | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| XXI | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| XXII | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| XXIII | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | |

**МАРТ**

| Работна недела | п | в | с | ч | п | с | н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | 1 |
| XXIV | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| XXV | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| XXVI | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| XXVII | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |
| XXVIII | 30 | 31 | | | | | |

**АПРИЛ**

| Работна недела | п | в | с | ч | п | с | н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| XXVIII | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| XXIX | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| XXX | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| XXXI | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| XXXII | 27 | 28 | 29 | 30 | | | |

**МАЈ**

| Работна недела | п | в | с | ч | п | с | н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| XXXII | | | | | 1 | 2 | 3 |
| XXXIII | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| XXXIV | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| XXXV | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| XXXVI | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |

**ЈУНИ**

| Работна недела | п | в | с | ч | п | с | н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| XXXVII | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| XXXVII | 8 | 9 | 10 | | | | |

**ПРАЗНИЦИ**

| | |
|---|---|
| 8 Септември - Ден на независноста | 20 Март - Рамазан Бајрам |
| 11 Октомври - Ден на народното востание | 10 Април - Велики Петок |
| 23 Октомври - Макед. Револуцион. борба | 13 Април - Велигден |
| 8 Декември - Ден на Св.Клим. Охридски | 1 Мај – Ден на трудот |
| | 24 Мај - Ден на Св.Кирил и Методиј |
| | 29 Мај - Духовден |

## Работни денови во 2025/2026

| | понеделник | вторник | среда | четврток | петок | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прво полугодие | 16 | 18 | 17 | 16 | 17 | 84 |
| Второ полугодие | 18 | 21 | 21 | 20 | 16 | 96 |
| ВКУПНО | 34 | 39 | 37 | 36 | 33 | 180 |

## Настава

### *Организација на задолжителната настава*

Во учебната 2025/26 година теоретската настава ќе се реализира во две смени и тоа претпладне со почеток во 7:15 и попладне со почеток во 13:15 часот. Во едната смена наставата ќе ја следат генерациите од I и III година, а во другата смена ќе бидат учениците од II и IV година. Предвидено е смените да ротираат месечно. Сите наставници се обврзани годишните планови и првите тематски распределенија во рамките на својот наставен предмет да ги предадат до стручната служба најдоцна до 05. 09. 2025 година. За истата цел задолжени се да имаат и подготовка за реализација на наставен час.

Во согласност со приоритетните цели и задачи за оваа учебна 2025/26 година задолжително е присуството на семинарите, работилниците или други форми на обука на наставниците во организација на БРО или интерните дисеминации во рамките на училиштето што сметаме дека ќе се рефлектира во стручното усовршување на наставниот кадар како и во целокупното изведување на наставата. Особено треба да се истакне делот во менторирање на наставниците-приправници, чија помош од страна на менторот е неопходна за успешна реализација на наставата.

Посебно ќе се инсистира планирање и подготвување на наставата да биде целно ориентирано, кон нови наставни методи, поинтензивно користење на постоечките наставни средства и помагала, како и поддржување. на модуларниот пристап во наставните планови и програми и дуалното образование. Согласно приоритетните цели за оваа учебна година, акцент ќе се става на формите, методите и стратегиите кои ќе ја поддржуваат наставата за ученици со различни образовни потреби преку јакнење на дигиталните и унапредување вештини и компетенциите.

*Теоретската настава* - ќе се одвива според дадените наставни планови и програми од БРО и ЦССОО со целокупна застапеност на идеите и формите за модернизирање на истата. Посебно ќе се инсистира планирањето и подготвувањето на наставата да биде во согласност со модуларните наставни програми базирани на компетенции како и целно ориентирана кон нови инерактивни наставни методи, поинтензивно користење на постоечките наставни средства и помагала и дигиталната технологија.

Исто така, во контекст на проектот “ Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем,, наставниците веќе испланираа наставни часови во кои се вметнати содржини од екологија и заштита на животната средина според 4 еко-стандарди.

Слични компоненти ќе бидат инкорпорирани и од областа на “Меѓуетничка интеграција на образованието” како резултат на вклучувањето на училиштето во истоимениот проект, со што се збогатуваат и активностите кои училиштето ги планира и организира на предлог на наставниците, учениците и родителите и со партнер училиштето од Ресен, ОСУ,, Цар Самоил".

*Изборна настава* – има за цел да го обезбеди влијанието на учениците во дизајнирањето на курикулумот со тоа што самите ќе се определат за содржините што ги задоволуваат нивните посебни интереси за стекнување, проширување и продлабочување на знаењата, како и развивање на способности и вештини. Тие посебни интереси ќе им овозможат на учениците да бидат посоодветно подготвени за

полагање на државна матура, завршен испит или поуспешно да се вклучат на пазарот на трудот.

Изборната настава како програмско подрачје е застапена во сите Наставни планови за образовните профили од четиригодишното стручно образование. Ученикот од здравствената струка задолжително изучува по еден изборен предмет во трета и во четврта година, додека учениците од струката лични услуги избираат по два предмети . Листата на изборните предмети од која ученикот ги избира предметите ја сочинуваат предмети од општообразовното подрачје и предмети од стручно-теоретското подрачје.

Ученикот се определува за изборните предмети пред завршување на втора година, односно, најдоцна до 30 мај. Ученикот може да ја промени првичната одлука и да избере друг/ги предмет/и, но најдоцна до 10 јуни во тековната наставна година. За изборот како и за промената на изборните предмети мора да има согласност од родителот/старателот и да постојат организациски услови во училиштето за да се реализира бараната промена. Училиштето подготвува листа со изборни предмети од соодветниот образовен профил во која ученикот ги избира предметите со заокружување на бројот пред изборните. Листата ја потпишува ученикот и родителот/старател, а нашите ученици и од здравствената струка и од струката лични услуги за учебната 2025/2026 година го направија следниот избор:

ТРЕТА ГОДИНА ( за 2025/26)

| ПРЕДМЕТИ | II-1 | II-2 | II-3 | II-4 | II-5 | II-6 | II-7 | II-8 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| биологија | 22 | 1 | 1 | 29 | 14 | 1 | 19 | 26 | 113 |
| хемија | 0 | 7 | 4 | 5 | 20 | 0 | 2 | 0 | 38 |
| математика | / | 0 | 0 | / | / | / | / | 0 | 0 |
| физика | 0 | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| информатика | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | / | 2 |
| основи на радиологија | 0 | / | / | / | / | / | / | / | 0 |
| козметологија | / | 10 | 14 | / | / | / | / | / | 24 |
| медицинска етика | / | / | / | 0 | 0 | / | / | / | 0 |
| патолошка бременост | / | / | / | / | / | 27 | / | / | 27 |
| итни медицински состојби | / | / | / | / | / | / | 0 | / | 0 |
| Астрономски извори на светлина | / | / | / | / | / | / | / | 0 | 0 |
| Диетотерапија кај око | / | / | / | / | / | / | / | 26 | 26 |
| вкупно | 22 | 19 | 19 | 34 | 34 | 28 | 22 | 26 | 204 |

ТРЕТА ГОДИНА ( за 2025/26)

| ПРЕДМЕТИ | III-1 | III-2 | III-3 | III-4 | III-5 | III-6 | III-7 | III-8 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Биологија | 0 | 0 | 2 | 17 | 23 | 25 | 4 | / | 71 |
| Хемија | 0 | 13 | 7 | 10 | 11 | 3 | 0 | / | 44 |
| Математика | / | 0 | 0 | / | / | / | / | 0 | 0 |
| Физика | 0 | / | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Бизнис и претприемништво | 6 | 1 | 6 | 6 | 0 | 2 | 1 | / | 22 |
| Компјутерски дентален дизајн | 14 | / | / | / | / | / | / | / | 14 |
| Фитотерапија | / | 0 | 0 | / | / | / | / | / | 0 |
| Геронтологија со нега | / | / | / | 0 | 0 | / | / | / | 0 |
| Неонатолошка нега | / | / | / | / | / | 0 | / | / | 0 |
| Физикална терапија во козметологијата | / | / | / | / | / | / | 16 | / | 16 |
| Испитување на видот | | | | | | | | 18 | 18 |
| Оптички феномени | | | | | | | | 0 | 0 |
| Астрономски извори на светлина | / | / | / | / | / | / | / | 0 | 0 |
| Диетотерапија кај око | / | / | / | / | / | / | / | 18 | 18 |
| вкупно | 20 | 14 | 15 | 33 | 34 | 30 | 21 | 18 | 185 |

*Дополнителна настава* – е задолжителна според Законот за средно образование (член 48-а) за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати, а особено ако:

- имаат најмалку две слаби оценки
- имаат слаби резултати по одреден наставен предмет
- отсуствуваат од настава по одреден наставен предмет и
- на барање на ученикот или родителот

Учениците следат дополнителна настава по најмногу 2 предмети во текот на еден месец, со не повеќе од четири часа месечно. Секој предметен наставник до 20 септември до стручните соработници ги доставува предлог програмите за предметите кои ги предава во таа наставна година. Сите ученици и нивните родители се запознаваат со одредбите од законот и санкциите кои истиот ги пропишува за негово не спроведување. И покрај обемниот распоред и недостатокот од просторни услови во училиштето, искуствата од минатата учебна година се позитивни во поглед на постигањата на учениците за што говорат и податоците дадени во извештајот.

*Додатната настава* – се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни предмети и исто така е регулирано со Законот за средно образование, член 51-а. Наставниците исто како и во претходниот случај со дополнителната настава, ги подготвуваат програмите за своите предмети и истите им се нудат на учениците, а тие одлучуваат дали ќе се вклучат во истите.

Распоредот за дополнителната и додатната настава е поставен на огласната табла на училиштето и за истиот се известуваат и учениците и нивните родители

*Подготвителна и консултативна настава* - ќе се организира како форма за укажување помош на учениците пред сесиите за полагање на поправните испити, вонредните испити, како и испитите на годината. Јавните училишта, за учениците од завршните години на средното образование се должни да организираат подготвителна и консултативна настава во согласност со календарот на активности објавен во ,,Службен весник на Р.Северна Македонија'' бр. 229/20, 78/25 и 132/25). Истата ќе се организира и со учениците од завршните класови пред полагањето на државната матура за екстерниот и интерниот дел и подготовката на проектната задача.

*Практична настава* – Планирањето и организирањето на практичната настава е во согласност со наставната програма, одобрена од министерот за образование и наука. Се изведува во II, III и IV година на образование и е програмирана со посебни наставни содржини за секој образовен профил и за секоја наставна година и е инкорпорирана како составен дел на програмата за предметот кој ја вклучува и теоријата. Предвидените часови за практична настава се опфатени со неделниот распоред на часовите во училиштето. Согласно со наставната програма и бројот на учениците, таа се реализира во групи во училишните кабинети, лаборатории и кај социјалните партнери.

Наставникот по практична настава води ученичко досие за секој ученик. Ученичкото досие е стандардизирано за сите образовни профили и во него се евидентираат постигнатите резултати на ученикот. Ученикот своите активности, во текот на реализацијата на практичната настава, ги евидентира во дневникот за практична настава

Новина од оваа учебна година е работното место координатор за практично образование определен со Правилникот е донесен од страна на Министерката за образовабие со бр.13-7745/1 од 02.06.2025 година.

Овие работни задачи ќе ги извршуваат А. Чапрагоски,наставник по стручни предмети за образовниот профил фармацевтски техничар и Ф.Милевски, наставник по практична настава во образовниот профил физиотерапевтски техничар. Координаторите за практично образование ќе бидат одговорни за организација и управување со реализацијата на практичното образование кај работодавачот како и за координација помеѓу работодавачшт, наставникот по УПР и учениците,за време и по завршување на практичното образование.  Програмата за рабта на координаторите за практично образование ќе биде ставена во прилог на ГПР на училиштето.

. Стекнатите теоретски знаења учениците од профилот **забен техничар** практично ги изведуваат во заботехничката лабораторија која се наоѓа во состав на училиштето. Практичната настава по предметот Учење преку работа кај работодавач учениците ја реализираат во заботехнички лаборатории во градот со кои училиштето има потпишано меморандуми за соработка. Поделени во групи и под стручен надзор учениците секојдневно се запознаваат со тајните на овој занает, а воедно се обучуваат да ракуваат со апаратите, инструментите и денталните материјали.

Практичната настава за образовниот профил **фармацевтски техничар** - се изведува во училиштето, а дел во градските аптеки. Практичната настава опфаќа содржини од предметите аналитичка хемија, аптекарско работење, фармацевтска технологија, фармацевтска хемија, фармакогнозија, медицинска биохемија и храна и исхрана и истите се изведуваат во училишната лабораторија и кабинетот за фармакогнозија, кои се современо опремени и во кои постојат услови за успешна реализација на наставните содржини со примена на современи наставни средства и помагала и каде учениците имаат можности за индивидуална работа. Кабинетот односно лабораторијата пред неколку години е реконструирана во соработка со Еуро-фарм и ќе биде од голема корист токму за дуалното образование каде партнер компанија е токму Еурофарм-аптеки со што и практичната настава по предметот Учење преку работа кај работодавач учениците ја реализираат во тие аптеките во градот. Во корист на дуалното образование сега потпишан е и меморандум за соработка сега и со аптеки ,,Зегин" со што о ваа настава во целост се реализира според наставните планови и програми со зголемен број на часови за практична настава и им овозможува на учениците да ги практицираат и усовршуваат своите вештини и да се здобијат со знаења неопходни за занимањето фармацевтски техничар.

Процесот на здравствена едукација кај учениците од профилите **медицинска сестра** и профилот **гинеколошко-акушерска сестра**, започнува во II година и се изведува во современо опремен кабинет во училиштето. Практичната настава за учениците од III и IV година се изведува во Клиничката болница " Д-р Трифун Пановски" - Битола во која сме многу добро прифатени и имаме соработка со персоналот на највисоко ниво. На болничките одделенија каде се изведува практичната настава, како и учењето преку работа кај работодавач, на располагање ги имаме сите средства кои ни се потребни за реализација на наставните содржини што на учениците им овозможува усвојување на практичните знаења и оспособување за нивната идна професија.

Практичната настава со вклучени часови и за вежби, за **физиотерапевтските техничари** во II година е застапена со часови по предметите Основи на медицинска нега ,Масажа, Кинезитерапија и предметот Физикална терапија, која се изведуват во современо опремени кабинети во рамките на училиштето. Учениците од III и IV година часови по предметот Физикална терапија, Рехабилитација, Учење преку работа кај работодавач и Кинезитерапија ги реализираат во Клиничка болница " Д-р Трифун Пановски " Битола, во одделот за Физикална терапија и рехабилитација.

Во струката лични услуги за образовниот профил **техничар за очна оптика** практичната настава во II, III и IV година се изведува во училиштето во кабинет за практична настава каде учениците ја реализираат практичната настава во 2 групи. Практичната настава по предметот Учење преку работа кај работодавач учениците ја

реализираат во оптики во градот со кои училиштето има потпишано меморандуми за соработка.

*Феријалната пракса* – и во учебната 2025/2026 година ќе се организира по завршувањето на наставната година, во летните месеци и тоа во траење од 10 -20 работни дена според наставните планови за четиригодишно стручно образование во зависност од видот на образовниот профил/квалификација и од видот на наставниот план дали е се работи за паралелка која е со дуално образование т.е дали наставниот план е со зголемен број часови по практична настава или не:

| ***образовен профил*** | ***вид на образование*** | ***прва година*** | ***втора година*** | ***трета година*** |
|---|---|---|---|---|
| *забен техничар* | 4-годишно стручно образ. | / | / | 20 |
| | 4-годишно стручно образ.-дуално | 10 | 15 | / |
| *фармацевтски техничар* | 4-годишно стручно образ.-дуално | 10 | 15 | 20 |
| *медицинска сестра* | 4-годишно стручно образ. | 20 | 20 | 20 |
| *гинеколошко-акушерска сестра* | 4-годишно стручно образ. | 20 | 20 | 20 |
| *физиотерапевтски техничар* | 4-годишно стручно образ. | / | / | 20 |
| | 4-годишно стручно образ.-дуално | 10 | 12 | / |
| *техничар за очна оптика* | 4-годишно стручно образ. | 15 | 15 | 15 |

. Истата ќе се организира во Клиничката болница во Битола и во градови од каде мигрираат учениците, во приватниот сектор во амбуланти и аптеки за сите профили од здравствената струка, и салони и работилници за очна оптика и оптички помагала за образовен профил техничар за очна оптика од струката лични услуги. Целокупната организација и реализација на феријалната пракса ја координира училишен кординатор со спроведување на насоките изработени и дадени во упатството на ЦСОО.Тоа меѓу останатите активности ги вклучува:

-подготовка на програма за феријална практика (од страна на предметните наставници од стручните области) и реализација на истата од страна на ученикот

- проследување на обука според програмата за безбедност при работа

- потпишување на трипартитен договор за соработка помеѓу училиштето, родителот и организацијата/институцијата каде ќе се изведува феријалната практика

- водење на дневник за феријална пракса од страна на ученикот за време на обавување на истата и, ред други активности пропишани во упатството на ЦСОО.

*Содржини програмирани од училиштето (СПУ)* - Согласно со наставните планови за средно стручно образование и обука, предвидена е реализација на содржини програмирани од училиштето од I до IV година со 1 или 2 часа неделен фонд, кои од моментот на нивниот слободен избор од страна на учениците, стануваат задолжителна обрска. Целта и функцијата на СПУ е да им се излезе во пресрет на учениците кои сакаат да истражуваат и напредуваат во одредени подрачја, области и теми во функција на проширување и продлабочување на своите знаења, умеења и вештини од соодветна област. Подготовката на програмите од страна на наставниците се врши според насоките од ЦСОО и БРО а реализацијата следи за програмите за кои тие дале согласност во корелација со МОН. Такви програми се изработени од областите по Македонски јазик и литература, Англиски јазик,Математика и Фармакологија.За избор на учениците им се дадени и програмите подготвени од страна на ЦССО и тоа:

-Екологија во здравствениот систем
- Планирање на кариера
- Подготовка за вработување и работа
- Ученичка компанија-Претприемачка практика за млади
- Еко практики за одржливи лични услуги

*Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани*

Работата со надарените деца е доста специфична и комплексна задача за наставникот. Движењето на едно општество кон научниот, техничко-технолошкиот и општествениот прогрес се повеќе зависи од неговите вкупни интелектуални потенцијали во прв ред, од најкреативните негови членови, со колкава грижа ги негува, поддржува и поттикнува. Поради тоа на работата со надарените деца и младинци им се посветува големо внимание на сите воспитно-образовни системи во светот.

Факт е дека знаењата и вештините можат да се научат и совладаат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот треба да го препознае, поттикне и развива. Наставникот во својата работа мора да тргне од ученикот кој го има пред себе, а не од ученикот воопшто, бидејќи само така може да успее да го препознае и да го поддржи неговиот развој. Така успехот би бил двоен: како учител и како поттикнувач на индивидуалниот развој на ученикот. Работата во нашето училиште ја насочуваме кон откривање и препознавање на надарените и талентираните ученици и создавање клима во која се реализираат способностите и талентите на надарените и талентираните.

Работата со надарените и талентираните ученици се одвива систематски и првиот чекор претставува препознавањето на истите а потоа преку откривање на нивните интереси се организира наставата. Учениците се групираат според нивните интереси и способности. Во зависност од нивните потреби се организираат слободни ученички активности, секции, проектни активности, летни и зимски школи, натпревари, трибини, истражувачки активности и креативни работилници.

| Р. бр. | Планирана програмска активност | Активност | Време на реализација | Реализатор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Препознавање на надарените ученици | Опсервација за време на настава и вон-наставни активности | Септември/Октомври | Предметни наставници, раководител на паралелка |
| 2 | Идентификација на надарените талентирани ученици | Тестирање на учениците преку тестови за интелигенција,скала на самопроценка, Прашалник за наставникот, | Второ полугодие | Стручна служба |
| 3 | Идентификување на ефектите на наставно-образовниот процес | Спроведување анкетен прашалник за учениците за влијанието на образовниот процес и развивањето на надареноста и креатвноста | Април/Мај | Стручна служба |
| 4 | Определување на видот на надареност на ученикот | Разговор со родителите Разговор со наставниците | Континуирано | Раководители на паралелка, стручна служба |
| 5 | Работа со талентирани надарени ученици | Подготвување на индивидуален план и програма за развивање на надареноста на ученкот | По идентификување на надареноста | Наставнци, стручна служба |
| 6 | Истакнување на воочените надарени ученици на Класните и Наставничките совети | Извештај за активностите на ученкот и наставникот-ментор | Континуирано | Предметни наставници, раководители, |

*Индивидуализирани програми за ученици со посебни образовни потреби*

Веќе неколку (4) учебни години се школуваат ученици со посебни потреби од кои 2 се во четврта година а еден во втора, што за вработените беше предизвик да го вложат својот максимум и да бидат на висина на задачата на сериозен просветен работник.

И на работата со ученици со *различни образовни потреби* сѐ повеќе се посветува внимание и наставниците со сериозност пристапуваат кон нејзино планирање и подготовка која ја предвидуваат во сопствените подготовки за реализација на наставниот процес (тематско планирање и подготовка за наставен час). Сепак е неминовно да се потенцираат разликите помеѓу документите:

| | |
|---|---|
| ***Вид на планирање*** | **Тематско планирање и планирање за реализација на наставна содржина** |
| ***Намена*** | За ученици со различни образовни потреби |
| ***Цел на содржината*** | Да се овозможи активно партиципирање на сите ученици за време на наставниот час прилагодено на индивидуалните образовни потреби |
| ***Носител на планирањето*** | Предметен наставник |

| | |
|---|---|
| ***Вид на планирање*** | **Индивидуализирана програма (ИП)** |
| ***Намена*** | За ученици со посебни потреби, врз основа на издаден документ |
| ***Цел на содржината*** | Развивање индивидуализирана програма (ИП) |
| ***Носител на планирањето*** | Предметен наставник во соработка со инклузивниот тим и стручна служба и претставник од ресурсен центар определен за училиштето |

| | |
|---|---|
| ***Вид на планирање*** | **Индивидуален образовен план (ИОП)** |
| ***Намена*** | За ученици кои не успеале да ги достигнат минималните образовни стандарди. |
| ***Цел на содржината*** | Да понуди содржини за советување на учениците кои не покажуваат успех во учењето и да ги подобри нивните образовни достигнувања. Планот се темели на разбирање на неуспешноста на ученикот, на пронаоѓање на силните и слабите подрачја на знаењата и на пронаоѓање на можните извори за поддршка на ученикот и извори на поддршка од околината (во училиштето, во семејството, помеѓу врсниците). |
| ***Носител на планирањето*** | Предлогот за учениците ќе го прави наставникот или група наставници врз основа на анализата на успехот на ученикот. Во изработка на планот ќе учествува ученикот, родителите, советодавен работник од ресурсен центар за поддршка кој е определен за училиштето и кој е во координација со доделениот образовен асистент, стручен работник како и наставникот. |

***План на активности за работа со ученици со различни образовни потреби***

| Содржина | Цели | Реализатори | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Изработка на акционен план** | Помош при изготвување на глобално и тематско планирање на наставната програма за реализирање во учебна 2023/2024 година | Наставници Стручни соработници Пом. директор | Август/ Септември | Успешно реализирање на планираните цели |
| **Формални и неформални средби со. наставници и раководители на паралелки** | Идентификација на ученици со емоционални потешкотии и ПОП | Стручни соработници Наставници Родители ученици | Септември | Евидентирање на учениците со ЕП и ПОП и градење на соодветна стратегија за работа со нив |
| **Формирање на инклузивни тимови за ученици** | Приспособување на наставната работа кон развојните и индивидуалните потреби на учениците | Членови на инклузивниот тим | Септември /октомври | Зголемено учество на учениците со ПОП и ЕП во учењето, училиштето и заедницата |
| **Консулатативни разговори на стручните соработници со предмени наставници, раководители и родители** | Континуирана поддршка на учениците со емоционални потешкотии и посебни образовни потреби | Стручни соработници Наставници Родители | Ноември Март | Успешна реализација на наставната програма со сите ученици |
| **Следење на постигањата на учениците со ПОП** | Соодветен одговор на учениците со емоционални потешкотии и ПОП Соодветен одговор на учениците со емоционални потешкотии и ПОП | Стручни соработници класни раководители наставници | После секој квалификационен период | Подбрување на постигањата Подобрување на социјализацијата на овие ученици Поттикнување на нивната самодоверба |

Уште треба да се спомене дека покрај Училишниот инклузивен тим кој ја следи целокупната состојба во училиштето и ги координира активностите, за учениците со ПОП во зависност од категоризацијата се формира посебен инклузивен тим за секој ученик. Целокупната работа се усогласува според насоките дадени од ЦССОО преточени во ,, Прирачник за работа со ученици со посебни образовни потреби", (https://drive.google.com/file/d/1pYrVMPvAsa7lqGOcUBT6GqB0PACtvTVc/view) и ,,Концепцијата за инклузивно образование" поставена на веб-страната на МОН а подготвена од работната група на БРО (https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20za%20inkluzivno.pdf). Од голема помош е и прирачникот ,, Водич за работата на училишниот инклузивен тим" (https://www.mcgo.org.mk/pub/Vodic_za_rabota_ucilisen_inkluziven_tim_MK.pdf), како и соработката со инклузивните тимови од основните училишта од каде доаѓаат овие ученици.

Пристапот на воспитно-образовниот кадар кон инклузијата е и севкупен училишен пристап кој е вклучен во стратешките училишни документи (ПРУ и ГПР) и преку него се дефинирани чекорите за градење на инклузивна училишна клима. Целта е да се постигне почитување на различностите, промовирање на еднаквост, правичност, недискриминација и креирање на услови и можности за учење и напредување на секој ученик. Тој пристап се отсликува и во активностите на ГПР и за оваа учебна година.

Унапредувањето на инклузивниот процес ќе биде олеснет со активностите кои од оваа учебна година ги воведува МОН како што се определување на образовни асистенти кои постојано ќе имаат поддршка од соодветен ресурсен центар определен според попреченоста на учениците. Неговите работни задачи се определени со правилникот бр.12-7828/2 од 10.06.2025 година За ученикот за кој е определен образовен асистент поддршка ќе има од Ресурсниот центар ,,Искра” од Штип покрај поддршката и соработката на локално ниво која ја има училиштето со Центарот за рехабилитација ,,Кочо Рацин” од Битола и Општинската организација на ,,Црвен крст”. Таа поддршка ќе биде од големо значење и за инклузивниот тим за ученик и за сите наставници кои ја реаизираат наставата. Со тоа и самата инклузија ќе добие на квалитет.

**-*Употреба на ИКТ во наставата***

Согласно со законот за средно образование и законот за наставници, секој наставник во учебната 2025/2026 година е обврзан да користи најнови форми на интерактивна настава, современи методологии во наставата, како и планирање и подготовка на наставни содржини со користење на ИКТ во наставата.Следејќи ја целокупната состојба, и оваа учебна година училиштето ги засилува активностите на ова поле и една од приоритетните задачи се однесува токму на продолжување на професионално надградување на кадарот во полето на имплементација на ИКТ и методите и техниките за функционална настава како и напорите да се зголеми бројот на смарт табли во повеќе училници бидејќи искуствата во изминатиот период се во предност пред другите електронски уреди користени и во он-лајн наставата и во наставата со физичко присуство. Планираните обуки за стручно надградување на наставниците на полето на унапредување на дигиталните вештини како и можностите на вештачката интелигенција и нејзините алатки во функција на наставата се инкорпорирани во приоритетните цели и во оваа учебна година.

## Оценување

Системот на следење, проверување и оценување на постигањата на учениците што денес функционира, изградуван е во изминатите години онака како што се развивал образовниот систем во целина. Тенденција е истиот денес да ги следи промените во реформираното средно стручно образование и обука. Така при планирањето на наставата наставникот треба да определи и часови за проверување и оценување на постигањата на учениците. Во таа насока и ОСМУ "Д-р Јован Калаузи " од Битола се стреми кон систем во кој младите ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот и тоа не само кај нас, туку и во Европа и светот.

Учениците согласно со нашиот воспитно образовен систем, добиваат два вида на оценки:*за успехот* постигнат по секој наставен предмет - бројчани оценки на скала од 1 - 5 и, *оценка за поведението* на учениците - описно на тростепена скала, т. е. станува збор за неговата морална и социјална зрелост односно афективната компонента. Пропустот е во тоа што не станува збор за континуирано следење и формативно оценување на поведението туку за инцидентно, кога некој од учениците ќе направи престап односно манифестира неприкладно однесување за време на настава или вон наставни активности, кон соученик или некој вработен, кон училишен имот и сл.. Парадоксот е што повеќе се следат и оценуваат непожелните видови однесувања, отколку развојот на позитивното однесување и особини на личноста на ученикот заради кои и се организира наставата. На овој вид на оценување сѐ повеќе внимание се посветува во секоја наредна учебна година.

Оценувањето на постигањата на учениците го вршат наставниците кои ја изведуваат наставата по поодделни предмети. Тие се должни да го следат напредокот и развојот на учениците во текот на наставната година и да го насочуваат и поттикнуваат истиот преку дијагностичко и формативно оценување. Тоа се наставници кои ги почитуваат своите ученици, знаат да изградат доверба кај учениците дека ќе им помогнат за секој нивни проблем и грижа, сигурност дека се интегрален дел од заедницата. За жал понекогаш оваа должност е потисната од обврската за сумативно оценување според која тие се обврзани четири пати во годината да ги оценат постигањата на учениците во совладувањето на наставните содржини. Истото по својот состав не подразбира континуирани следење на напредокот на учениците. Тоа е само моментално оценување на моменталната не само образовна способност на учениците, туку и психолошка и душевна состојба. Во таква ситуација, најзначајната компонента на системот за оценување, а под тоа се подразбираат видот и квалитетот на постапките, методите и начините на кои се врши проверувањето и оценувањето(испрашувањето), се занемарува. Од наставникот се бара да користи разновидни методи и постапки, сообразени со целите на програмата и возраста на учениците. Но, факт е дека во нашите училишта доминираат само одредени начини на следење и проверување на напредокот и постигањата на учениците. Најчесто станува збор за методи и техники и вид на задачи со кои се бара репродукција на наученото, а не самостојно анализирање, решавање на проблеми, практична примена и трансфер на знаењето, односно задачи кои ги ангажираат повисоките ментални активности.

Во тој контекст интенција и во оваа учебна година е да продолжи имплементацијата на други алтернативни начини на следење и проверување на постигањата на учениците како што се: набљудување, проекти, есејски задачи, разни изработки, практична изработка, усни презентации, самооценување и оценување од соученици, истражување, портфолио и слично. Оценувањето ќе има и нова димензија во оваа учебна година и нови искуства кои ќе бидат димензионирани од видот и спецификите на попреченоста и потешкотијата во учењето на новите ученици. Постапките за следење и оценување на учениците со потешкотии во учењето се посебни во однос на пристапот, постапноста и одмереноста, што пак зависи од видот на потешкотиите кај секој ученик посебно. Програмата и начинот на следење и оценување за секој ученик посебно ги приспособуваме, земајќи ги предвид неговите когнитивни способности, неговите можности и ограничувања, како и начинот на кој ученикот комуницира, односно може да се изразува.

Со цел да се следи и поттикнува развивање на училишна политика на оценување која ќе се базира на стандарди и критериуми за оценување во наставата, се формира тим за следење, анализа и поддршка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди кој е составен од стручната служба и предметни наставници:

Г.Талевски - директор
В.Стојановска - пом директор и наставник по стручни предмети
Ц. Христовска - психолог
Е. Д.Димовска - педагог
В. Пандевска - наставник по математика
Т, Ј.Јолевска - наставник по математика
М. Бошевска - наставник по биологија

Тимот во својата програма за работа меѓу останатите активности предвидува и посета на часови со цел да се даде поддршка на наставниците кои иновираат и креираат современи техники кои го поддржуваат развојот и унапредувањето постигањата на учениците и нивно оценување.

Во интерес на развивање и зајакнување на училшната политика за оценување на постигањата на учениците секој од наставниците во зависност од природата на својот предмет, ќе прилагоди и критериум за изведување на сумарната оценка на постигањата на ученикот :

| **Вид на работа** | **Добиена оценка** | **Пондер(% на застапеност во сумарната оценка)** | **Пондерирана оценка (оценка X %)** |
|---|---|---|---|
| Усни одговори | | | |
| Тс на знаење | | | |
| Презентации | | | |
| Проекти | | | |
| Демонстраци | | | |
| Есеи | | | |
| Портфолио | | | |
| Редовност и активност | | | |
| .......... | | | |

| Активностите кои ќе се практикуваат се: | | |
|---|---|---|
| • ***посета на часови*** | • *раководни и стручни соработници стручни тела во училиштето, и надвор од него* | • ***континуирано во текот на годината според утврдена динамика*** |
| • ***анализа на подготовките на наставникот во врска со планирањата на наставата / годишни, тематски и дневни планирања /*** | • *Стручни соработници (психолог, педагог)* | • ***I и III класификационен период*** |
| • ***анализа на видот на техниките и инструментите кои се применуваат од страна на наставниците за оценување на постигањата односно знаењата на учениците во процесот на учење*** | • *стручни соработници (психолог, педагог)*<br>• *тим за следење на оценувањето* | • ***септември / октомври***<br>• |
| • ***размена на искуства на ова поле во рамки на стручните активи и поддршка во подготовка на инструменти во соработка со училишниот психолог и педагог*** | • *стручни соработници (психолог, педагог), претседатели на стручни активи* | • ***после I и III класификационен период*** |
| • ***статистичка обработка и анализа на постигнатите резултати на учениците во сите класификациони периоди*** | • *стручни соработници за прегледите на училишно ниво*<br>• *предметни наставници за својот предмет* | • ***четири пати во текот на наставната година*** |

*Самоевалвација на училиштето / Следење на воспитно-образовната дејност*

Свесни за значењето на евалуацијата, училиштето се стреми да се развивива чекор по чекор на овој план. Таа ќе биде база врз која ќе се разгледува и гради планот за развој на ОСМУ " Д-р Јован Калаузи " за наредниот период земајќи ги во вид информациите за напредокот во развојот и неговите намерни или ненамерни последици. Врз основа на неа ќе се врши и пренасочување или коригирање на развојниот курс и, на неа ќе се гледа како на природен дел при донесувањето на развојните одлуки. Самоевалуацијата ќе води кон практични решенија и искуства. Како документ истата се подготвува согласно со законските регулативи предвидени со Законот за средно образование на секои две години и последната е донесена на 30.06.2024 година. Согласно претходното, тимот во состав:

| | |
|---|---|
| В.Стојановска | - пом директор и наставник по стручни предмети |
| А.Чапрагоски | - коордниниатор за практична настава,наставник по стручни предмети |
| Е. Д. Димовска | - стручен соработник, педагог |
| Г.Османли | - наставник по биологија |
| Е.Г.Стефановска | - кариерен советник,наставник по бизнис |
| М.Тановска | - наставник по македонски јазик |
| Д.Наумовска | - наставник по македонски јазик |
| Л.Билјановска | - наставник по англиски јазик јазик |

ќе ги интезивира активностите со почетокот на второто полугодие за да ги подготви анализите во предвидениот рок.

Во насока на спроведување на самоевалуацијата ќе ги преземе следните чекори:

| ***активност*** | ***време на реализација*** |
|---|---|
| Проширување на тимот со вклучување на наставници, и претставници на ученици и родители | Јануари 2026г. |
| Определување на подрачјата за работа и проширување на тимот со членови од редот на наставниците, учениците и родителите | Февруари 2026 г. |
| Определување на методите и техниките за работа и подготовка на техники за прибирање на потребните информации | Февруари 2026г. |
| Спроведување на техниките и инстументите и собирање на потребните податоци и информации | Март 2024 год. |
| Обработка и анализа на добиените податоци и информации | Април 2026год. |
| Подготовка на документот за самоевалуација и подготовка на извештај за спроведената самоевалуација | Мај 2026 год. |
| Презентација и запознавање со резултатите од самоевалуацијата на наставниците, учениците и родителите | Јуни 2026год. |
| Препраќање на извештајот од самоевалуацијата до ДИЦ и општината | Јули 2026 год. |

Но, следењето односно евалуацијата на целокупната воспитно-образовна дејност на училиштето се одвива континуирано во текот на целата учебна година со цел да се согледаат потешкотиите како и реализацијата на поставените цели и задачи и истите тие сознанија да бидат основа во понатамошните планирања на сите нивоа. Најголемиот дел од активностите на овој план го понесуваат директорот и раководниот тим во соработка со стручните соработници и стручните активи. Редовните активности на ова поле се посочени во прегледот кој следи.

| Активност | Цел | Динамика на реализација |
|---|---|---|
| **Анализа на постигањата на учениците** | На крајот на секој класификационен период се прават статистички и квалитативни анализи за согледување а состојбата и подобрување на воспитно-образовниот процес | I н: ноември, декември, јануари, април и јуни |
| **Анализа на планирањата и подготовките за настава** | Согледување на квалитетот на планирањата и потребата тие да се прилагодуваат на нови ситуации | II недела: септември, ноември, јануари, април, јуни |
| **Посета на часови** | Следење на примената на активна методологија, ИКТ, интеракција, оценување на постигањата на учениците | По 10 часови месечно |
| **Анализа на планирања и реализација на СУА** | Следење на интересот на учениците | III н : октомври и март |
| **Анализа на планирања и реализација на СПУ** | Следење на интересот на учениците | IV н : октомври и март |
| **Анализа на дополнителна и додатна настава** | Следење на ефектите врз постигањата на учениците | I н: декември и мај |
| **Анализа на инклузивната воспитно-образовна работа** | Следење на инклузивните образовни тимови и постигањата на учениците со ПОП | II n: септември,ноември,април,јуни |
| **Анализа на еко активности** | Согледување на ефектите и нивото на еколошката свест | III н: јануари и март |
| **Анализа на МИМО** | Продлабочување на меѓуетничка толеранција | II н: декември април |
| **Анализа на континуираноста во оценувањето** | Примена на современи методи и постапки за оценување | III н: ноември, април |
| **Анализа на извештаи од работа на стручни активи** | Следење на реализацијата на програмата и согледување на евентуални потешкотии | III н: јануари, IIн:јули |
| **Анализа од реализација на вон-наставни активности** | Следење на реализацијата на програмата и согледување на можности за имплементација | Iн:јули |
| **Следење на мислењето на учениците и** | Почитување на мислењето на учениците и родителите и имплементирање на нивни | II н: октомври, февруари |

| | | |
|---|---|---|
| **родителите** | идеи, предлози | |
| **самоевалуација** | Согледување на потешкотии на кои се наидува и нивно надминување | Континуирано секој наставник |

Вклучувањето на родителите, социјалните партнери и секако учениците ќе биде интенција кон која училиштето ќе продолжи да се стреми затоа што нивното мислење е параметар за успешност

Се надеваме дека сите активности на ова поле ќе започнат процес на постепено менување и подобрување на системот на монторинг, самоевалуација како и следење и оценување на постигањата на учениците, процес кој ќе даде конструктивни решенија или предлози кои ќе доживуваат своја потврда или негирање и трагање по поквалитетни или сосема нови.

## Вон- наставни активности

Во рамките на воспитно-образовната дејност училиштето организира и реализира разновидни воннаставни активности во согласност со развојните потреби и интереси на учениците и со нивното активно учество, со цел истото да стане место за социјализација на учениците и привлечна средина за учење. Особено се води сметка воннаставните активности да ги развиваат компетенциите (знаењата, вештините и ставовите) на учениците во сите подрачја, коишто не се опфатени или само делумно се покриени со наставните програми. Покрај проширување на знаењата, акцент ќе става и врз вештините и вредностите/ставовите вклучени во подрачјата за личен и социјален развој, мултикултурализам и демократска култура, уметничко изразување,развивање на спортски дух и здрави навики за живеење како и развивање на еко-свест.

Во продолжение следат вон-наставните активности кои училиштето ги планира организира и за кои се подготвени програми во прилог на оваа ГПР.

### - *Екскурзии*

Училишните екскурзии на учениците имат за цел усвојување и проширување на знаењата, развивање на различните интереси на учениците, примена на вештини и ставови , посета на културно-историските знаменитости, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето. За таа цел оваа учебна година се планирани еднодневни и повеќедневни екскурзии и посети од воспитен, културен, забавен, спртско-рекреативен и стручен карактер со цел учениците да се запознаат со природните убавини на поблиската и поширока заедница, со културно-историските знаменитости на Република Северна Македонија и земјите од Европа и Балканот, како и развивање на култура кон спортот и здраво живеење. Еднодневни и повеќедневни стручни екскурзии и

екскурзии од спортско рекреативен карактер, посета на театарски претстави во земјата и странство, посета на опера и балет, како и посета на музеи во Република Северна Македонија со учениците од I, II, III, IV година ќе се реализираат во согласност со планот и програмите на стручните активи и глобалните планирањата на наставниците.

Екскурзиите ќе се реализираат според Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25, врз основа на член 24-а став 18 од Законот за средното образование), со можност на промена на временските терминит во зависност од временските услови и други оправдани причини.

Во консултации со предметните наставници и во согласност со наставните програми, стручните активи предлагаат членови во училишниот тим кој се формира со одлука на училишниот одбор и кој донесува програма за училишните екскурзии за тековната година и,предвидени се следните екскурзии














| Година 2023/2024 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Екскурзија –Вид** | **Временска рамка (месец)** | **Цели** | **Карактер/ Содржина** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Одговорно лице** |
| Еднодневна екскурзија/излет со учениците од I –IV година<br>*Вид*:*спортско-рекреативни екскурзии и поврзани со теми и содржини од наставните програми* | септември | - равивање интерес и грижа за природата и јакнење на еколошката свест на учениците<br>- развивање на позитивна клима и поттикнување и манифестирање позитивни емоции,другарување,<br>-социјализација,колективна заштита и стекнување нови сознанија и искуства и култура на здраво живеење | -посета на локалитет Смолево и црквата Св. Атанасиј во непосредна близина на Битола на ридско-шумскиот предел<br>- спортско-рекреативни вежби за здрав начин на живеење<br>- информации за самозаштита од пожари и заштита на природата од истите | Пешачење до локалитетот во Битолско,<br>Учениците од I - IV година | Раководители на паралелки<br>Предметен наставник по спорт и биологија |
| Еднодневна екскурзија за учениците од I год. во Охрид<br>*Вид*: *екскурзии и поврзани со теми и содржини од наставните програми* | мај | ,, Запознавање со корените и изворите на христијанството во Македонија " | - посета на културно-историските споменици како корени на Македонската црковна историја и запознавање со христијанските свети записи содржани во Стариот и Новиот завет | Еднодневна екскурзијата со автобуски превоз | Предметни наставници по Историја<br>и по Македонски јазик |
| Еднодневна екскурзија за учениците од I –IV год.Во Скопје<br>*Вид*: *екскурзии и поврзани со теми и содржини од наставните програми* | Според репертоар на Мак.. опера и балет и МНТ | -развивање позитивен однос кон националните,уменичките и културните вредности | -посета на опера/балет/претстава/изложба | Еднодневна екскурзијата со автобуски превоз | Предметни наставници по Македонски јазик,музичка култура,ликовна уметност |
| Еднодневна екскурзија за учениците од I –IV год.Во Скопје<br>*Вид*: *екскурзии и поврзани со теми и содржини од наставните програми* | ноември | - формирање на позитивен однос кон националните,меѓународните и општо културните вредности<br>-развивање на чувство на патриотизам, толеранција и соживот | -посета на америчка амбасда во Скопје<br>-посета на Македонскиот парламент | Еднодневна екскурзијата со автобуски превоз | Предметни наставници по англиски јазик граѓанско образование |
| Еднодневна екскурзија за учениците од I –IV год.Во Скопје<br>*Вид*: *екскурзии и поврзани со теми и содржини од наставните програми* | октомври | -развивање позитивен однос кон националните,уменичките и општо културните вредности | Посета на саем на книгата | Еднодневна екскурзијата со автобуски превоз | Предметни наставници по Македонски јазик |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Еднодневна екскурзија за учениците од II год. во Скопје<br>*Вид: екскурзии и поврзани со теми и содржини од наставните програми* | Април-мај | - Запознавање со судбината на Македонските евреи за време на Втората светска војна преку филмски и аудиовизуелни материјали кои ја прикажуваат историјата на Евреите пред и за време на Холокаустот.<br><br>-Запознавање со животот и делото на големиот македонски револуционер и визионер Гоце Делчев, неговата биографија и неговата улога во македонското национално и ослободително движење како и преносот на неговите смртни останки во Скопје во 1946 година.<br>-развивање на чувство на патриотизам,толеранција и соживот | посета на , музеј на холокаустот и посета на гробот на револуционерот Гоце Делчев и црквата ,,Свети спас" во Скопје | Еднодневна екскурзијата со автобуски превоз | Предметен наставник по Историја Раководители на паралелки |
| Повеќедневна екскурзија со ученици од I и II година во Белград, Р.Србија<br>*Вид: стручно-истажувачка екскурзија* | Април/мај | -запознавање со различни култури и знаменитости<br>-истражување на интегрирани теми и области во природното, општественото и техничко-технолошко подрачје | -посета на научниот музеј на Никола Тесла<br>-посета на настанот од меѓународен карактер ,,Фестивал на науката" | Повеќедневна екскурзијата со автобуски превоз | Предметен наставник по физика,хемија биологија Раководители на паралелки |
| Повеќедневна екскурзија со ученици од IV година во Атина, Р.Грција<br>*Вид: стручно-истажувачка екскурзија* | ноември-декември | -запознавање со различни култури и знаменитости<br>-истражување на интегрирани теми и области поврзани со историјата на медицината и основите на здравството поврзани со Хипократ,таткото на модерната медицина | -посета на Партенон и Акропол<br>- посета нанајстариот Универзитет во Југоисточна европа во Атина и музеите за анатомија, патологија, фармакологија и забни училишта во склоп на факултетите од областа на медицинските науки | Повеќедневна екскурзијата со автобуски превоз | Предметен наставник по Историја, стручни наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Завршна екскурзија за учениците од III год. во странство по избор на учениците | мај | -да се запознаат учениците со културното наследство, историјата, природните богатства на земјата што ја избрале за посета | посета на културно-историските споменици во земјата која ја избрале учениците | Избор на најповолна понуда за повеќедневна екскурзија со автобуски превоз со хотелско сместување според изра-ботена програма<br>-ученици од III год | Раководители на паралелки |
| Еднодневна научно-наставна екскурзија за учениците од III и IV год. Од образовен профил:медицинска сестра и гинеколошко-акушерска сестра<br>*Вид*: *стручно-истажувачка екскурзија* | ноември | Да се запознаат учениците со организацијата, опремата, кадарот и услугите што ги нуди овој специјалистички центар | Посета на специјалната болница “ Систина “ Скопје од страна на учениците од IV год. и Специјална болница “ Жан Митрев клиника,, со учениците од III година | Еднодневна екскурзијата со автобуски превоз<br>- | Стручни наставници за практична настава |
| Еднодневна научно стручна екскурзија во Скопје со учениците од III и IV год,образовен профил:фармацевтски техничар<br>*Вид*: *стручно-истажувачка екскурзија*. | ноември | запознавање на учениците со организаци-јата на работата, апаратурата и начинот на изработка, складирање и комуникација и дистрибуција до соодветните болнички оддели | Посета на специјалната болница “ Систина “ Скопје од страна на учениците од III год. и Специјална болница “ Жан Митрев клиника,, со учениците од IV година | Еднодневна екскурзијата со автобуски превоз | Стручни наставници за практична настава |
| Еднодневна екскурзија со учениците од III и IV год. –образовен профил:забен техничар<br>*Вид*: *стручно-истажувачка екскурзија* | ноември | запознавање на учениците со условите за работа, начинот на реализација на практичната работа, размена на искуства | посета на Стоматолошките клиники-Скопје од страна на учениците од III и IV година или Стоматолошкиот факултет во Штип | Еднодневна екскурзијата со автобуски превоз | Стручни наставници за практична настава |
| Еднодневна екскурзија со учениците од III- IV год<br>образовен профил:физиотерапевтски техничар<br>*Вид*: *стручно-истажувачка екскурзија* | ноември | запознавање на учениците со начинот на рехабилитација кај пациенти со различна етиологија на заболувања како и принципите на користење на термални води во лекувањето на различни реуматски болести. | посета на Катлановски Бањи – оддел за хидротерапија, парафинотерапија, физикални процедури, со ученици-те од IV год.<br>- поликлиника ,,Славеј” -Скопје | Еднодневна екскурзијата со автобуски превоз | Стручни наставници за практична настава |
| Еднодневна екскурзија со учениците од III - IV год. во Скопје образовен профил:техничар за очна оптика<br>*Вид*: *стручно-истажувачка екскурзија* | ноември | запознавање на учениците со современа апаратура и технологија за обработка на оптички стакла. | Посета на оптичка работилница од страна на учениците од III и IV год.<br>*Ghetaldus*, *Dioptra*- Скопје; | Еднодневна екскурзијата со автобуски превоз на дестинација | Стручни наставници за практична настава |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Спортско-рекреативни екскурзија со заинтересирани ученици од I-IV год | јануари | - поттикнување на спортска култура и развивање на рекреативни навики , поттикнување на социјализација и промовирање на здрав начин на живот | зимување | Според правилникот МОН | Наставници по спорт |
| | Април/мај | | Логорување | | |
| | Ноември/ март | | Посета на затворен базен | Еднодневна екскурзијата со автобуски превоз | |



-***Секции и слободни ученички активности***

Низ слободните ученички активности (СУА) се создаваат услови за индивидуализација на образовниот и воспитниот процес за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. Преку флексибилни програмски решенија, се создаваат можности сите ученици без оглед на успехот во наставата, да ги задоволат своите интереси и да се потврдуваат и афирмираат и како личности со што би се реализирале низа на специфични задачи на воспитанието и образованието. Истите ќе бидат реализирани во слободното време на учениците, односно по завршување на наставата или по завршување на работната недела.

-***Училишен спорт***

Во текот на учебната 2025/2026 година цел на спортските секции е позитивно да влијаат на развој на сите особини и способности кај учениците. Овие задачи ќе се остваруваат со осмислен систем на вежби, игри, создавање на здрави навики и хигиенски живот, со исправено држење на телото. Ученикот стекнува општа физичка состојба и создава навика за занимавање со спортска активност. Во училиштето успешно долги години функционираат следните секции:

Ракомет - Одговорен наставник: Зоран Коруновски

Фудбал - Одговорен наставник: Зоран Коруновски

Одбојка - Одговорен наставник: Марија Котевска

Кошарка - Одговорен наставник: Јован Христовски

Исто така, под менторство на своите наставници, учениците се вклучуваат во сите спортски активности и турнири организирани од страна на Сојузот на училишен спорт на општиско ниво со други училишта од градот.

Спортски активности кои се планираат и редовно се поддржуваат од страна на училиштето со учество на машки и женски екипи и оваа година ќе бидат:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Есенски крос | Ноќна трка | Пинг – Понг | Шах |
| Футсал | Фудбал | Одбојка | Кошарка |
| Ракомет | Скијање | Сноуборд | Стрелаштво |

Покрај СУА од обласа на спортот, според своите интереи учениците во учебната 2025/2026година ќе можат да се вклучат и во следниве секции:

| Секција | Цел | Одговорни наставници |
|---|---|---|
| **Еколошка** | Развивање на активности за заштита и унапредување на животната средина и подигање на еколошката свест и кај учениците и пошироко во локалната средина | Гордана Османли, Петар Ристевски Марија Бошевска, |
| **Литературна** | Развивање и негување трајна љубов за продлабочено читање на вредните литературни дела и постепено да ги упатува во тајните на поетското и прозното творештво | Марија Тановска Дарија Наумовска |
| **Новинарска** | уредување на училишниот ѕиден весник. Нејзините членови следат и анализираат одредени прилози, организираат посети, разговори со новинари, јавни личности, прибираат интересни написи и пишуваат свои прилози, учествуваат на конкурси, соработуваат со другите секции и сл. | Дарија Наумовска Марија Тановска |
| **Историска** | Да се доближи подалечното и поблиското минато до учениците. Ваквото доближување на историското минато кај учениците создава способност за критички однос кон историските личности и настани. Преку најразлични проекти учениците се запознаваат со нашата традиција и обичаи. Исто така, се организираат екскурзии од научен карактер посета на културно-историски споменици | Зоран Ицановски, |
| **Англиски јазик** | Развивање љубопитност, креативност и интерес за продлабочување на знаењата од областа на англискиот јазик како и свест за неговото влијание во современиот начин на живеење. | Наставници по Англиски јазик |
| **Ликовна секција** | Поттикнување на естетски чувства и интерсе за уметност, како и развивање на вештини за уметничко изразување | Ема Ќука |

Програмите за работа на слободните ученички активности се дадени во прилог

-*Ученички натпревари*

И оваа учебна година како и годините претходно поголем број на ученици ќе земат учество на разни натпревари. Во училиштето се организираат училишни натпревари по разни предмети во рамките на деновите за одбележување на Патрониот празник, на крајот на октомври.

Покрај многубројните учества во спортски натпревари, литературни и ликовни конкурски, редовно е и учеството на натпреварите по биологија, хемија и англиски јазик за што сведочат многубројните признанија, дипломи и пехари. На Државниот натпревар на млади истражувачи организиран од Народна техника и Сојузот на здруженијата на младите истражувачи досега учествувале повеќе ученици во дисциплините биохемија, растителна физиологија, фармација, аналитичка хемија, хемија, биологија а исто така и оваа учебна година доколку дозволат условите, предвидено е учество под менторство на поголем број наставници.

Од учебната 2021/22 година, училиштето повторно се вклучи со активна поддршка на МАССУМ асоцијацијата на средните стручни училишта и учествуваше натпреварувајќи се во повеќе области со забележителни резултати.

Значителни се и постигањата на учениците на натпреварите по англиски јазик, историја и од областа на спортот како и на повеќе литературни настани.

Сите учества и награди се дадени во извештајот за работа на училиштето во учебната 2024/25 како и објавени на фб-профилот на училиштето.

Позитивнита клима која значително се одразува и на личниот развој на учениците и ги зајакнува нивните вештини и способности со учество на натпревари и манифестации во воннаставните активности ќе се негува и понартаму.

-*Општествено хуманитарна работа*

Во текот на учебната 2025/2026 година приоритет на учениците, наставниците и родителите ќе бидат организирањето и реализацијата на хуманитарирни активности и хепенизни кои ќе се случат по повод: Денот на училиштето, Новогодишните и Божиќните Празници и Светскиот ден на Здравјето. Главна цел на овие општествено хуманитарни настани ќе биде подигање на свеста на учениците за значењето на хуманитарната работа како доблест која секој човек треба да ја поседува. Исто така и да научат и кои се придобивките од таа работа на оние кои им е потребна помошта, но и на оние кои ја даваат помошта.

Крводарителските акции кои ќе се организираат во соработка со Црвениот крст –Битола и одделението за трансфузиологија при Клиничката болница –Битола кои се организираат два пати годишно, се во контекст на овие активности.

*Проекти и гостувања*

| *Име на проектот* | *Носител* | *Време на реализација* |
|---|---|---|
| **МИМО- меѓуетничка интеграција на младите во образованието** | М. Котевска<br>Б. Чапрагоска | Контнуирано |
| **Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем** | Г. Османли, | Контнуирано |
| **Во работна активност ,,Еразмус,, проект со училиште од Неапол,Италија**<br>**Во работна активност ,,РИКО, проект : ,,Насмевки без граници,,со заботехничко училиште од Сараево, Босна и Херцеговина** | М.Бошевска | |

*Ученичко организирање*

Ученичкото организирање овозможува активно учество на учениците во за стапувањето и промовирањето на нивните права и интереси, преку демократско учество во донесувањето одлуки во училиштето во однос на прашањата што се од нивен непосреден интерес. За таа цел е формирана и младинска организација со мото ,, Ние како едно” и чија програма е во прилог на ГПР.

Во реализацијата на ученичките иницијативи најчесто учествуваат (на доброволна основа) и ученици кои не се директно вклучени во ученичките тела. Реализацијата на ученичките иницијативи пракса е да биде поддржана од раководството, стручната служба и наставниците. Притоа, од особена важност е одговорните ученици за спроведување на иницијативата/акцијата (посочени од соодветното ученичко тело), со помош на менторите и стручната служба, добро да ги испланираат сите чекори што се потребни за реализација на иницијативата/акцијата, односно да направат акциски план кој помага за јасно дефинирање на одговорностите на сите лица вклучени во реализацијата на иницијативата/ акцијата, прегледно следење на темпото со кое се напредува, како и навремено воочување на потре бата за дополнително помагање во извесна фаза, доколку дојде до застој во планираниот напредок.

## Поддршка на учениците

Поддршката на учениците се испреплетува низ низа активности кои училиштето ги презема за да помогне во градењето на здрава, едуцирана личност која во животот ќе чекори кон своите цели.

-*Постигнување на учениците*

На училишниот успех во ОСМУ “ Д-р Јован Калаузи,, се посветува посебно внимание а чекор кон подобрување на иститот се анализите кои ги прави училишната стручна служба во текот на сите квалификацини периоди на учебната година и кои потоа се предмет на поопсежни анализи во рамки на стручните активи. Значајно е тоа што на успехот не се гледа само како на кванитативно постигнување туку анализите се намерени да дадат квалитативна слика на постигањата. Од компаративните анализи за наназад неколку години може лесно да се пратат правците по кои тие резултати се движат и полесно да се бараат причините за тие падови или нагорни патеки. Анализите се прават по поодделни предмети и на ниво на цело училиште и се разгледуваат и на ниво на паралелката, пред родителите како и училишниот одбор.

| Учебна година | Среден успех |
|---|---|
| 2013/2014 | 3.51 |
| 2014/2015 | 3.64 |
| 2015/2016 | 3.36 |
| 2016/2017 | 3.64 |
| 2017/2018 | 3,81 |
| 2018/2019 | 3,99 |
| 2019/2020 | 4,25 |
| 2020/2021 | 4.44 |
| 2021/2022 | 4.45 |
| 2022/2023 | 4.41 |
| 2023/2024 | 4,40 |
| 2024/2025 | 4,35 |

Во учебната 2024 / 2025 година, во ОСМУ ,, Д-р Јован Калаузи”- Битола наставната година ја завршија вкупно 762 ученици од кои 578 девојки и 184 момчиња. Бројот на учениците е во благо опаѓање но тоа првенствено се должи на намалениот број на ученици демографски гледано и секако на високите критериуми при упис во училиштето на кои посебно се става акцент и од страна на МОН.

Од графичкиот приказ бр2, може да се заклучи дека и средниот успех согласно и високите критериуми при упис се една од причините за неговата нагорна линија на движење.




Средниот успех постигнат на ниво на генерации исто така зборува и во прилог на претходниот контекст но и за залагањата на колективот во воспитно-образовнатаработа.Имено, највисоки постигнувања и оваа година забележуваме кај учениците од трета година но и во другите години на образованиекаде просекот е над 4.




| Година на образование | Среден успех 2024/25 | Среден успех 2023/24 |
|---|---|---|
| I година | 4,4 | 4.40 |
| II година | 4,19 | 4,2 |
| III година | 4,46 | 4,38 |
| IV година | 4,36 | 4,6 |

И во поглед на предметите и во поглед на подрачјата односно и струките, во глобала се забележува пораст на успехот во областа на здравствената струка во однос на струката лични услуги. Дури кај 15 паралелки на крајот на наставната година средниот успех е одличен односно над 4,5 сите од здравствената струка.Највисок среден успех имаат паралелките: IV-7 и III-3 со среден успех 4,77 од образовните профили физиотерапевтски техничар и фармацевтски техничар како и медицинските сестри и тоа:III4:4.76; III-5: и I-4 со просек :4.74;, додека најниски повторно се постигањата кај техничар за очна оптика II-8: 3.23; IV-8: 3.42 III-8: 3.68

Во поглед на етничката припадност,сметаме дека статистичките споредби нема да бидат релевантен показател од причини што 92.16% од учениците се одмакедонска националност , а останатите се вкупен збир на останатите етникуми. Единствено поголема е бројката на ученици со албанската припадност,35 односно 4,58%. Напоменуваме дека посветеноста кон учениците и постигањето на нивни подобри

резултати воопшто не е условена од етничката припадност и сите ученици имаат ист третман.Вкупно 46  ученици на ниво на училиштет.е9,54 % имаат слаби оценки од кои 7,58 % се Македонци.

| Етничка припадност | Број на ученици | % на ученици со слаби оценки |
|---|---|---|
| Македонци | 714 | 19,47 |
| Албанци | 32 | 31,82 |
| Турци | 7 | 41.18 |
| Роми | 7 | 20 |
| Други | 5 | 0 |

Во поглед на редовноста во наставата сеуште треба да се работи на мерките бидејќи во однос на истиот период минатата учебна година, просекот на изостаноци изнесуваше 19,03 а оваа година направени се вкупно 16956 изостаноци или 21,28 изостаноци во просек по ученик. Највисока редовност имаме во прва година (13,04), а најмногу отсуствуваат учениците од четврта година со просечно 37,03 изостаноци по ученик.




| | 2023/2024 | | | | 2022/2023 | | | | 2021/2022 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година на образование | *Оправдани* | *Неоправдани* | *Вкупно* | *Просек* | *Оправдани* | *Неоправдани* | *Вкупно* | *Просек* | *Оправдани* | *Неоправдани* | *Вкупно* | *Просек* |
| Прва | 2294 | 109 | 2403 | 11,8 | 2159 | 51 | 2210 | 13,3 | 2434 | 100 | 2534 | 13,9 |
| Втора | 3173 | 176 | 3349 | 17,5 | 4462 | 310 | 4772 | 25 | 3203 | 230 | 3433 | 17,9 |
| Трета | 4281 | 281 | 4562 | 23,5 | 1110 | 67 | 1177 | 5,84 | 2588 | 396 | 2984 | 13,6 |
| Четврта | 3836 | 405 | 4241 | 23,5 | 3079 | 322 | 3401 | 15,2 | 3858 | 360 | 4218 | 20,7 |

Во поглед на изречените педагошки мерки, состојбата во овој период е одлична бидејки сите ученици го завршија првото полугодие со примерно а, само 1 ученичка со добро поведение.

Во поглед на постигањата на Државна матура,резултатите се следни:

<u>Екстерни предмети:</u>

| | *Среден успех 2024/25* | *Среден успех 2023/24* |
|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 3.95 | 3,59 |
| Англиски јазик | 3.93 | 3,76 |
| Математика | 3,5 | |
| Вкупно екстерни | 3,79 | 3,68 |

Интерни предмети:

| Општообразовни предмети | Среден успех*20 24/25* | Среден успех *2024/25* |
|---|---|---|
| Биологија | 4,88 | 5,00 |
| Хемија | 4,86 | 4,97 |
| Историја | 4,8 | 4,33 |
| Физика | 4 | / |
| Вкупно Општообразовни | 3,64 | 4,77 |

Стручни предмети:

| Образовен профил/квалификација | Среден успех | | | |
|---|---|---|---|---|
| | *ИП-12024 /25* | *ИП-1202 3/24* | *ИП-2202 4/25* | *ИП-2202 3/24* |
| Забен техничар | 5,00 | 5,00 | / | / |
| Фармацевтски техничар | 4,66 | 4,61 | / | / |
| Медицинска сестра | 4,92 | 5,00 | / | / |
| Гинеколошко-акушерска сестра | 5,00 | 4,67 | / | / |
| Физиотерапевтски техничар | 5,00 | 5,00 | / | 5,00 |
| Техничар за очна оптика | 5,00 | 5,00 | 4,00 | 4,75 |
| Вкупно стручни | 4,8 | | 4,88 | |

После секој квалификационен период во текот на наставната година, се подготвува извештај и сите ученици кои покажале послаб успех по повеќе предмети, или кај кои е забележан пад на успехот во однос на претходните или останатите резултати, се повикува од страна на стручната служба и се настојува да се идентификуваат причините за тоа и во соработка со раководителот на паралелката, предметниот наставник, а понекогаш и родителот да се надминат тие потешкотии. Исто така тие сознанија можат директно да ги пренесат самите предметни наставници или класни раководители или пак иницијативата да потекне од страна на самите ученици или нивните родители. Во зависност од природата на утврдената причина, продолжуваат средбите со стручните соработници, се предлага индивидуален план за образование, се реализираат индивидуални консултативни средби со предметните наставници, се организира дополнителна настава по поодделни предмети и сл. За тоа може да се види и од дневникот на паралелката и реализираните дополнителни часови односно настава. Секако дека и советувањето на родители, која како процедура е регулирана со закон од минатата учебна година, има свој позитивен удел во целото ова подрачје. Новиот концепт за советување на ученици кој е во корелација со советувањето на родители исто така треба да рефлектира позитивни ефекти токму на ова поле.

***Професионална ориентација и Кариерно советување***

Професионалната ориентација и информирање на учениците е подрачје кое од година во година сѐ повеќе се интензивира. Воглавно се врши во училишниот Центар за кариера каде учениците се оспособуваат преку програмите: “ Подготвка за вработување и работа,, “ Учење на работно место,, и “ Планирање на кариера. ,, со одговорните наставници кои ги реализираат СПУ од овие области. Професионалното информирање е нагласено преку соработката со високо-образовните институции кои во периодот април-мај ги презентираат своите студиски програми и се од помош при изборот за продолжување на понатамошното образование на учениците. Исто така преку организираните посети од страна на стручните наставници на установи и институции од областа на здравството, можат да ги видат условите на работното место и работните задачи кои здравствените работници треба да ги извршуваат. Професионално информирање се врши и во склоп на училишната уписна политика

кога тим на наставници и ученици ги претставува образовните профили застапени во училиштето, со цел да ги запознае потенцијалните ученици со наставните планови, работните вештини и способности за кои ќе се обучуваат и квалификациите со кои ќе се стекнат по завршување на образованието.

Процеот добива на квалитет од оваа учебна година со воведување на работно место Кариерен советник на учениците од страна на МОН со правилникот бр.13-5853/4 од 10.06.2025 година. Кариерните советници во соработка со тимот за кариерно советување подготвува програма која е дел од ГПР на училиштето и е објавена на огласна табла на училиштето. Со овој правилник определени се и задачите на кариерните советници меѓу кои се води евиденција на индивидуалните совети и учеството на сите ученици во кариерното советување и насочување кон натамошно образовние или пристап кон пазарот на труд, води индивидуален кариерен план на ученикот, соработува со работодавачи за да ги запознае учениците со процесите на работењето,вработувањето и вештините кои се потребни, соработува со образовни институции со цел насочување за продолжување на образованието, го следи понатамошниот кариерен пат во рок од шест месеци по завршување на образованието.

-*Превентивни програми*

*Болести на зависност*

Поради континуирано превенирање од предизвиците кои ги носи модерното општество во контекст на болести на зависност со кои се соочува популацијата, а имајќи го во вид фактот дека секое медицинско лице има морално – етичка обврска да ги вложи своите капацитети посебно во превенцијата, се залагаме за осмислување и спроведување на повеќе програмски цели во таа насока. Познавањето и препознавањето на ситуациите во средношколските денови, резултира со спремност за соочување со проблемите со кои се среќава, навремено совесно и правилно решавање на истите, како и помагање на соучениците кои тежнеат кон развивање на некој порок на зависност.

Превентивните програми што се реализираат во училиштето се во согласност со наставните програми кои се изведуваат по стручните предмети (Хигиена со здравствено воспитување, Фармакологија, Невропсихијатрија со нега), проектните активности во рамките на слободните часови, како и со организирање на нагледни

часови и предавања кои ги реализираат самите ученици под менторство на стручните наставници. Во реализирањето на овие програми се вклучени и социјалните партнери, Министерството за внатрешни работи, Центарот за социјална работа, Клиничкиот центар-Битола, Невладини организации и други. Во тој контекст, училиштето соработува и со Отсекот за превенција на малолетничка деливенција при МВР – Битола со кој се реализираат предавања и работилници наменети за учениците на кои ги третираат темите за превентивно делување против дрогата и алкохолот, последиците од конзумирање на дрога и алкохол и начини за справување со тие појави. За темите како трговија со луѓе, проследена со презентации и видеодокументација секогаш се дава простор.

Она на што треба да се посвети повеќе простор е начинот како во истите да се вклучат што повеќе родители

*Превенција од насилство, педофилија и злоупотреба и занемарување на децата,*

Како воспитно-образовна институција ОСМУ “ Д-р Јован Калаузи “ ќе продолжи со сериозно внимание да ги почитува препораките од Владата на РСМ и ќе ги следи сите пропишани протоколи кои ќе водат до заштита и надминување на потешкотиите од ваков вид со поддршка на системско решавање на вакви проблеми.

Сите форми на насилство, злоупотреба и занемарување на децата, кои потенцијално го загрозуваат или го нарушуваат физичкиот, психичкиот и моралниот интегритет на личноста на детето, претставуваат повреда на основните права на детето содржани во Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето, а тоа претставува правото на живот, опстанок и развој.

Општо земено, злоупотребата и занемарувањето на децата, се дефинира како “било која форма на физичко и/или емоционално злоупотребување, сексуална злоупотреба, занемарување или занемарувачки третман или комерцијална или друг вид експлоатација, што потенцијално или реално предизвикува закана или штети по здравјето на детето, опстанокот, развојот или дигнитетот, во контекст на меѓусебен однос на одговорност, доверба или моќ “ (1).

Во Светскиот извештај за насилство и здравје и во Извештајот на СЗО од Консултацијата за спречување на детската злоупотреба од 1999 година[2], идентификувани се четири вида на злоупотреба и занемарување на децата:

- физичка злоупотреба;
- сексуална злоупотреба;
- емоционална или психолошка злоупотреба;
- занемарување.

Злоупотребата и занемарувањето на децата можат да имаат различни форми. „Злоупотреба“ значи активно повредување на детето, или депривирање на детето од емоции и прифаќање а „занемарување“ значи пропуст да се преземе грижа за детето.

Пријавувањето на ученик-жртва од било која од формите на насилство,злоупотреб и занемарување е регулирана со Правилник донесен од МОН иод бр: 18-10074/2 од 17.07.2025 година и објавен во ,,Службен весник" на РСМ.

*Превенција од малолетничка деликвенција и меѓуврсничко насилство (булинг)*

Уште еден негативен “ феномен “ кој го обременува животот на учениците и кој е се поизразен во нашите средини. Училиштето сериозно посветува внимание на ваквите појави и оваа учебна година ќе продолжи со активности кои опфаќаат едукација и мерки како истото да се превенира и спречи. Во тоа ќе бидат вклучени и ученици и наставници со желба да се вклучат и повеќе родители. На ова поле покрај интерните активности, училиштето соработува и со претставници на институции кои го третираат ова прашање како што се МВР, ЦСР, и повеќе граѓански асоцијации од НВО како што се Семпер, “ 0 “ насилство и др. Соработката со другите училишта исто така ќе биде интензивирана

Насилството меѓу врсници познато е и под терминот булинг (bullying) или во превод злоупотреба, силеџиство, малтретирање. За врсничко насилство станува збор кога: - се манифестираат негативни (агресивни), намерни постапки меѓу децата или кога едно или група на деца постојано вознемируваат, напаѓаат или повредуваат друго дете кое не може да се одбрани; - тоа се долготрајни и повтороливи негативни постапки, задевање или настојување да се зададе повреда или друг вид на непријатност и штета, со намера другиот да се заплаши или повреди; - има

[2] Report of the consultation on child abuse prevention, 29-31 March 1999. Geneva, World Health Organization, 1999

асиметричен однос на силите, агресија на посилниот кон послабиот, кога детето изложено на насилство се брани со тешкотии или покажува беспомошност.

Училиштето нуди активности во кои можат да се вклучат и учениците и другите заинтересирани за надминување на проблемите:

А). активности во кои може да се вклучат ученици:

- Недела посветена на активности против насилство;
- Денови на толеранција;
- Месец на убави зборови и позитивни пораки;
- Ден на пријателство
- Хуманитарни акции;
- Кутија на доверба;
- Рубрика во училишното списание со тема насилство и дел на web страната на училиштето;
- Квизови, натпревари;
- Маркирање на ризични места во училиштето;
- Спортски натпревари;
- Електронски презентации, брошури, прирачници;
- Игри за превенција од насилство;
- Училишен ѕид со графити;
- Училишен разглас, радио;
- Катче за совети;
- Избор на топ листа на најдобри постапки од ученици и др.

Б). активности во кои може да се вклучат возрасни (наставници, родители):

- Остварување на добра комуникација помеѓу родителите и наставниците;
- Поттикнување и наградување на добра пракса;
- Објавување на добри примери на разглас, на web страна, во училишно списание;
- Изработка на постери и изложување низ училиштето;

Сите овие превентивни активности ќе бидат вклучени програмски во прилог на ГПРУ а ќе започнат со основни информации и едукација на интерно ниво и ќе се проширувaат со едукација од надворешни експерти и обуки со нивна поддршка во зависност од можностите.

-*Безбедност во училиштето*

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. И родителите сакаат нивните деца училиштето да го доживуваат како

безбедна средина и да се чувсвуваат пријатно. За таа цел во училиштето постои видео надзор и дежурни наставници.

Дека училиштето води сметка за безбедноста во училиштето говори и планот за евакуација кој произлегува од Планот за заштита и спасување донесен од Училишниот одбор под број 03-64/1 од 3. 03. 2011 година Истиот се однесува на:

- евакуација
- засолнување
- заштита и спасување од уривање на објектот
- противпожарна заштита
- радиолошка, биолошка и хемиска заштита
- прва медицинска помош

*Обучување за самозаштита во образовните институции*

Уште една новина во оваа учебна година воведена од МОН во согласност со Дирекцијата за заштита и спасување е регулирана со Правилник за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции објавена во Службен весник на РСМ,бр.139од 10.7.2025 година.

Обучувањето за самозаштита според член 2 од истиот правилник се однесува на теми поврзани со природни непогоди:земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, град, суша....и други несреќи:пожари, големи несреќи во патниот сообраќај, ..и слично. Програмата за работа е во прилог на ГПР за училиштето.

Во текот на првото полугодие во соработка со Општинската организација на Црвен крст-Битола и Агенцијата за заштита и спасување, ќе се организира симулациона вежба за евакуација на училиштето.

-*Позитивна социо-емоционална клима*

Позитивната социо-емоционална клима е стремеж по кој се води училиштето години наназад. Во тој правец се планираат содржини за ранлива група на ученици за кои препорака дава класниот раководител, предметните наставници, родителите или учениците. Целта е да се обезбеди почитување на личноста- негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите; еднаквост и правичност – еднакво и без предрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите.

| План на активности за работа со ученици со потешкотии | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***Активност:*** | ***Цел:*** | ***Соработници:*** | ***Очекувани ефекти*** | ***Временска рамка*** |
| ***консултации со наставници*** | појаснување на поимите и појавата на ученици со потешкотии, емоционални потешкотии и различни образовни потреби | наставници, стручна служба, УИТ | следење на учениците | септември |
| *советодавна работа со наставници* | определување на причините и факторите кои влијаат на работата со учениците | наставници, стручна служба, УИТ а | определени инструменти,протоколи, начини на идентификација на потешкотиите | октомври |
| *идентификација на ученици со потешкотии* | следење на учениците и нивните постигања | наставници, стручна служба, УИТ | соодветно направена идентификација и подобри постигања кај учениteI | *ноември* |
| *консултативнаи советодавна работа со родителите на учениците* | запознавање на родителите со можните начини и постапки за надминување на потешкотиите | наставници, стручна служба, УИТ надворешни соработници-стручни лица | поддршка во домовите и поголема соработка со родителите | ноември 2025, март2026 |
| *евалуација* | анализа на постигањата и идентификување на слабостите и добрите искуства | наставници, стручна служба, УИТ | позитивни и подобри постигања на учениците | јуни 2026 |
| **Се планираат и интерни обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа како и високообранизовните институции за поддршка на наставниците во планирањето и реализацијата на наведените содржини.** | | | | |

## Грижа за здравјето

Поаѓајќи од современите сфаќања за категоријата “ здравје“, а во исто време негувајќи го сопствениот идентитет и позитивното во традиционалното живеење, здравјето треба да се унапредува во динамичен, холистички и еколошки аспект.

Со оглед на проблемите и предизвиците поврзани со здравјето од една страна, како и сложеноста и комплексноста на истите, од друга страна, задачите односно активностите се насочуваат кон:

- обезбедување на безбедна и стимулативна средина која ќе ги поттикнува и храбри учениците да бидат здрави и свесни за безбедноста во и надвор од училиштето
- стекнување на информации, знаења за здравјето и негово подобрување и унапредување преку третирање на физичките и психосоцијалните аспекти
- развивање на самопочитта и самодовербата кај учениците

Конкретните содржини ќе се реализираат низ редовната настава, часот на раководителот на паралелкта, СУА, и активности во рамки на неколкуте училишни проекти. Во нив ќе се вклучат наставници, лекари, психолози, социјален работник, ученици, надворешни експерти и претставници од НВО.

Во училиштето направена е дезинфекција и обезбедени дезифициенси во сите професии.

Во рамки на училишната “ здравствена политика“ активностите се воглавно се насочени во следните подрачја /области:

| *Активност:* | *Соработници:* | *Начин на реализација* | *Временска рамка* |
|---|---|---|---|
| ***Одржување на хигиенски услови во училниците, спортска сала, одниците и другите простории*** | наставници, ученици, технички персонал | дежурства на наставници, еко патроли, акции за уредување, активности на еко-секцијата | Континуирано во тек на цела година |
| ***Редовна дезинфекција, дезинсекција и дератизација,*** | Завод за јавно здравство, технички персонал, наставници | Превентивно прскање на училишните простории, поставување на дезифициенси, проветрување | контнуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Одржување на прочистувачите за воздух во училишните простории*** | Сервис и технички персонал | Контакт со овластен сервис и обнова на филтрите | Според потребата |
| ***Систематски прегледи***<br><br>***Следење на здравствената состојба на учениците од прва и четврта год*** | Класни раководители , Стручни наставници за практична настава | Задолжителни систематски прегледи во соработка со оддел за школска медицина во дом за народно здравје | ноември 2025 за ученици од прва година<br><br>април 2026 за ученици од четврта година |
| ***Следење на здравствената состојба на наставниците и останатите вработени*** | Центар за јавно здравје | Задолжителни систематски прегледи на наставниците во соработка со Центар за јавно здравје | септември |
| ***Вакцинирање:***<br><br>***Превенција на заразни заболувања (вакцинирање и хемопрофилакса*** | Служба за превентив.и здравствена заштита | Проверување на вакцинарен статус при упис на учениците<br><br>Вакцинирање на учениците | Според календарот за имунизација и Законот за здравствена. заштита на населението |
| ***Едукација:*** | | | |
| ***Градење на позитивни здравствени навики и и проширување на знаењата на учениците*** | Стручни наставници, наставници по спорт | Организирани посети на здравствени установи и спортски објекти, екскурзии, излети | Според динамиката предвидена во годишните програми на активите и СУА |
| ***Едукација на учениците околу грижата за сопственото здравје*** | Стручни наставници и соработници, НВО | Предавања, работилници во рамки на наставните програми по поедини стручни предмети, СУА, проектни задачи | Според динамиката предвидена во годишните планирања на наставниците |
| ***Промовирање на позитивни ставови за здравјето и здр. навики со одбележување на деновите за заштита и*** | Стручни наставници и соработници | презентации подготвени од ученици под менторство на наставник | Динамика според здравствениот календар на |

| | | |
|---|---|---|
| ***борба против :дијабет, рак на дојка, сида, хепатит,даунов синдром, ретки болести*** | и поставени на фб-профилот на училиштето | СЗО |

**Училишна клима и односи во училиштето**

,, Она што го правиш, зборува погласно од она што го кажуваш"

(Ралф Валдо Емерсон)

Училишната клима е еден мултидимензионален сублимат на меѓусебни односи на сите непосредни и посредни учесници во процесот на реализација на воспитно-образовната работа во училиштето која е отсликана со нивните реакции, перцепции, чувства, емоции и сл. Во својата мултидимнзионална специфичност таа вклучува:

*Физичка димензија*

Изглед на училишната зграда, училници, кабинети, спортска сала...
Достапност на ресурси
Бзбедност и удобност...

*Социјална димензија*

Квалитетни интерперсонални односи на сите релации
Правичен и фер третман кон учениците од страна на наста вниците и останатите вработени
Интерактивно вклучување на сите субјекти во процесот на донесување на одлуки

*Академска димензија*

Квалитет на наставата
Очекувања на наставниците за постигнувањаа на учениците

Следење на напредокот на учениците и навремено и континуирано известување на родителите за резултатите на учениците

Витален дел за добра училишна клима е инволвираноста на *родителите*, со нивното перманентно вклучување во планирањето и организацијата на училишните функции односно активности. Согласно приоритетните цели на училиштето во оваа учебна година, вклученоста на родителите ќе се настојува да се интензивира и да се збогатува .

Другиот витален дел кој е многу значаен за воспоставување на позитивна училишна клима се самите *наставници.* Спрема својата позиција тие ги креираат и создаваат условите за една мирна средина во училницата. Добрата училишна клима во голема мера им помога на наставниците за добра социјализација на учениците. Тоа е една од силните страни односно карактеристика по која ОСМУ ,, Д-р Јован Калаузи,, е препознатливо не само во опкружувањето туку и пошироко.

*Дисциплината* е поим кој најчесто се доведува во врска со училишната клима. Но самиот поим во јавното мислење е толку оптоварен со негативно наследство, така што ретко кој има позитивни асоцијации. Најчесто во прв момент се асоцира на работа, ред и мир, а потоа страв, контрола и неизвесност. Ширум во училишните практики повеќе се следат и контролираат непожелните реакции на ученикот, отколку позитивните поради кои се организира воспитниот процес. Најчесто се управува според принципот стимул-реакција, заснован на присила и кој наставникот и учениците ги поставува на спротивни страни. Се уште повеќе внимание се посветува на последиците од однесувањето, при што недоволен е просторот ученикот да ја поправи својата грешка. Токму тука ОСМУ ,, Д-р Јован Калаузи,, вложува заложби да го имплементира концептот на реституција* преку пристап на наставникот



да го пренасочи однесувањето на ученикот, а ученикот пак да ги процени сопствените можности за надоместување на последиците од лошото однесување (* според методот на В. Едвардс Деминг, дополнет со теоријата на контрола на Вилијам Гласер). Врз овие принципи е планирано дежурството на наставниците со однапред изготвен распоред односно термини. Покрај експлицитно наведените задачи и активности кои треба да се запазуваат, се води и писмена документациија за време на дежурството во форма на дневник на настани и случувања.

Педагошките мерки се изрекуваат објективно, одмерено, праведно и педагошки одговорно и тоа индивидуално за секој ученик по претходно согледување и анализирање на околностите кои довеле до потребата од нивно изрекување. Пред изрекувањето на истите, се врши перманентна консултивно-советодавна работа ( класен раководител, педагошко- психолошка служба, правна служба на училиштето), со акцент на холистички пристап на ученикот, родителот. Со оглед на структурата на учениците се констатира дека изречените педагошки мерки се помалку застапени кај мал број на ученици, бидејки се работи за ученици со мултиталентираност , висок степен на амбициозност, потреба за примена на теоретското знаење во практиката.(разни активности во лабораториите во склоп на нашето училиште, соработката со клиничката болница “ Др. Трифун Пановски “ - Битола ).

***-мултикултурализам***

*,,Секоја култура има свое достоинство и вредност која треба да се почитува и чува. Секој народ има право и должност да ја развива својата култура,во својата богата разноликост и разлики со взаемни влијанија кои ги вршат една на друга, сите култури го сочинуваат наследството кое припаѓа на целото општество“*

*Од Декларацијата на UNESCO за принципите на мегународна културна соработка*

Повеќе современи држави се карактеризираат со културна разноврсност, повеќејазичност и различна етничка припадност на населението. Но мултикултрализмот не би требало да се ограничува само на декларативно признавање на присуството на многубројните култури во едно општество, туку со имплементирање на одредени елементи и компоненти во различни сфери на

живеење,особено во образовниот процес и систем да стане дел од живеењето на секој поединец како појдовна точка за позитивна трансформација на општеството во целост.

Тимот за училишна интеграција е училишно тело составено од претставници на училишното раководство и стручната служба, наставници и претставници од училишниот одбор и совет на родители. Во рамки на МИМО, овој тим е одговорен за планирање, координирање и следење на училишните активности, како и за одржување на комуникација со наставниот кадар, учениците и нивните родители како и тимот од партнерското училиште. Тој се обучува да дава поддршка за континуирано спроведување активности за меѓуетничка интеграција во образованието што се однесува на сите структури во училиштето и, да воспоставува и одржува соработка со релевантнтните чинители во заедницата.

Во ОСМУ ,, Д-р Јован Калаузи“ со години се негува мултикултурниот диверзитет и меѓуетничката толеранција и интеграција. Во досегашното работење постојат само позитивни примери и искуства на ова поле. На полето на менторирањето на ученици, (во најголем број станува збор за ученици од ромска припадност) има повеќегодишно искуство, а во сите наставни и воннаставни активности ( секции, натпревари, приредби...) во зависност од интересите и афинитетите се вклучуваат ученици од различна етничка припадност.

Иако бројот на ученици од други етнички групи е мал, редовно се прават извештаи и се прави компаративна анализа со цел да се следи напредувањето на учениците и навремено да се реагира доколку се воочат одредени потешкотии во однос на училишните постигања. Во целокупното живеење на училиштето меѓуетничката интеграцијата е неделива компонента. Во прилог на оваа ГПР е и акциониот план со активности од ова подрачје.

***Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето***

Во многу сегменти од воспитно – образовната работа се води грижа за естетско уредување и одржување на просторот во училиштето. Притоа се вклучени сите субјекти во училиштето, а посебно учениците со цел подигнување на свеста за зачувување на околината.

За оваа учебна година продолжуваат активности на овој план и како една од приоритетните цели е реконструкција и уредување на училишните холови и адаптирање соодветен простор за физиотерапевтскиот и медицинска сестра со нивно

доопремување. Во текот на минатата учебна година беше реновирана и уредена наставничката канцеларија со што се придонесе за убав естетски простор и пријатна клима за работа.

***Односи меѓу сите структури***

Училиштето постојано води грижа за подобрување на меѓусебната комуникација помеѓу вработените и учениците. Покрај реализирани обуки за подобрување на комуникациските вештини се организираат заеднички дружења, прослави, екскурзии, манифестации...

***Етички кодекси***

Училиштетово претходните години има подготвено куќен ред и кодекси за учениците како и за наставниците. Исто така се почитува и кодекс за оценување на знаењата на учениците. Исто така долгогодишните стремежи да се подготви еко-кодекс преку кој се дефинира целата мисија на училиштето резултираше со Еко-кодекс кој ја покажува посветеноста на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи.

***Антикорупциска едукација***

Антикорупциска едукација во најголем дел ќе биде дискутирана во рамките на одреди наставни предмети и тоа:

| *Наставен предмет* | *тема* | *Година на образование* | *Време на реализација* |
|---|---|---|---|
| **Бизнис** | *Бизнис етика,* | II и IV год | април |
| | *Општествена одговорност* | II и IV год | мај |
| **Граѓанско образование** | *Медиумска писменост* | I год | ноември |
| | *Граѓанинот и државата* | I год | февруари |
| **Час на раководителот на паралелката** | *Одговорности и привилегии* | III год | февруари |
| **Предавање од страна на претставници на УЈП** | *Фискална едукација на младите* | IV год | ноември |

## Професионален развој на образовниот кадар

*,, Иднината им припаѓа на оние кои за време на промените се подготвени да учат, а оние кои мислат дека нема што повеќе да научат, ќе останат во светот кој веќе не постои“*

*Ерих Хафер*

Воспитно-образовната дејност според дефиницијата на Емил Диркем претставува ,,дејност која се спроведува од страна на постарите генерации врз оние кои сеуште не се подготвени за општествен живот“. Но, подигањето на квалитетот на воспитно-образовниот процес и негово поголемо педагошко ефектуирање е многу повеќе од оваа општа и широка дефиниција за што зборува постојаната преокупација на многу образовни системи во светот вклучувајќи го и нашиот.

Ликот на наставникот на 21век треба да биде во согласност со реалното случување и антиципираните потреби - богат на општообразовно и стручно поле и оспособен и мобилен на планот на стекнување потребни вештини за реализирање на неговата професија.Современите стандарди за ефикасно и ефективно работење на воспитнообразовните институции ја наметнаа потребата за имплементирање и институционализирање на систем на иницијална обука (pre-service) и систем за професионално усовршување (in-service) на вработените во образовните институции (Програма за професиоален развој на училишниот кадар, Национална програма за развој на образованието на Р. Макдонија 2005-2015). Всушност суштината на професионалното усовршување на наставникот лежи во константно надоградување во областите од педагошко, психолошко и стручно поле. Професионалниот развој претставува систем кој опфаќа:

- базично професионално образование
- работно воведување
- перманентно професионално усовршување

Изминатиот период го одбележаа активности кои беа реализирани и се однесуваат на остварување на трите проектни цели и тоа:

1. Изготвување на стандарди и компетенции за наставниците;
2. Обезбедување сеопфатна правна регулатива за професионален и кариерен развој;
3. Осмислување финансиски сценарија за предложените решенија

Врз основа на клучните наоди од анализата дадени се препораки релевантни за унапредување на системот за професионален и кариерен развој кај нас. Тие се насочени кон осум цели на образовните политики и тоа:

**1. Поставување на јасни очекувања од наставниците.**

Во наставните програми јасно е дефинирано што се очекува учениците да постигнат и што треба да прават наставниците. Меѓутоа, недостигаат дефинирани компетенции за тоа што наставникот треба да знае, да умее и да прави за успешно да ја реализира воспитно образовната работа. Изработката на каталог на професионални компетенции придонесе за подобро разбирање на современата наставничка професија, како професија што поставува сложени барања и налага постојано усовршување.

**2. Обезбедување квалитетен кадар.**

Процесот на приправничкиот стаж и менторирањето, како и изведувањето на стручниот испит треба да се подобрат. За таа цел потребно е да се изработи упатство за подготовка на менторска програма и воведе задолжителна обука за ментори. Исто така, треба да се зајакне контролата на квалитетот на спроведување на приправничкиот стаж и да се подобрат механизмите за изведување на стручниот ис пит. Меѓу другото, се изготвија стандарди за наставници во различни звања што ќе бидат основа за проценка на исполнетост на условите за стекнување на соодветно звање.

**3. Подготовка на наставниот кадар.**

Иницијалното образование за наставници во Република Македонија има потенцијали идните наставници да се стекнат со потребните знаења и вештини. Меѓутоа тоа треба да вклучува повеќе практично искуство што ќе овозможи идните наставници да ги практикуваат теоретските знаења и да почнат да ги стекнуваат основните професионални компетенции за наставниците уште за време на студиите.

**4. Поврзување на вештините на наставниците со потребите на учениците.**

Во Република Македонија евиденцијата што се води не овозможува во секое време да се имаат податоци за тоа дали по одделни наставни предмети недостига квалификуван кадар и како резултат на тоа нема системски мерки за надминување на овој проблем. Токму затоа треба да се подобри системот за идентификување на наставен кадар што недостига и да се изготват проекции за идните потреби од квалификуван кадар.

**5. Раководење на наставниот кадар од страна на високо професионални директори.**

Кандидатите за директори на училишта задолжително поминуваат обука преку која се стекнуваат со вештини за раководење, меѓутоа не постои систем за постојано стручно усовршување на директорите. Оттука, потребно е да се воспостави систем за задолжителна перманентна обука на директорите.

**6. Следење на наставата и учењето**.

Република Македонија е во фаза на воспоставување системи за оценување на учениците што можат да се користат за подобрување на наставата и градење на образовните политики. Меѓутоа, нема усогласени долгорочни политики за тоа какви видови оценувања на учениците ќе се вршат,какви анализи ќе се прават и за кои цели ќе се користат сознанијата. Наставниците треба да добијат обуки за користење на резултатите од екстерни оценувања за подобрување на сопствената работа. Исто така, треба да се изготват стандарди за квалитетот на работењето што ќе користат за интерно и за екстерно оценување на работата на наставниот кадар. За таа цел треба да се разработат процедури за интерно следење на работата на наставниците, а критериумите за нивно вреднување да бидат усогласени со стандардите за вреднување на национално ниво.

**7. Поддршка на професионалниот развој на наставниците.**

Наставниците во Република Македонија се обврзани професионално да се усовршуваат, Определен е задолжителен минимум часови на обука но потребно е и да се обезбедат доволно средства за да може секој наставник да ги следи обуките. Потребно е да се преиспита системот за вреднување на сертификатите од обуките и тој да се поврзе со времетраењето на обуките, а особено со сертификацијата на примената на знаењето од обуката. Процесот на акредитација на програми да се врши редовно и да има обуки на кои наставникот ќе учествува согласно личната проценка на потребите, а не само доколку го испрати училиштето.

**8. Мотивација на наставниците за работа.**

Согласно законските одредби наставниците може да напредуваат во звања, но тие сеуште не се применуваат. Исто така, постојат законски механизми што обезбедуваат одговорно работење на наставниот кадар и мал број механизми за поврзување на квалитетот на работењето со примањата, но и тие ретко се применуваат во практика. Со цел да се мотивираат наставниците потребно е да почне примената на одредбите за напредување во кариера коешто ќе биде базирано врз оценка на квалитетот на работата. Вреднувањето на работата на наставниците не треба да се прави

формално, туку да се обезбеди резултатите од вреднувањето да влијаат на подобрување на работата. Да се обезбедат механизми и финансиски средства успешните наставници да бидат финансиски наградувани или да имаат друг вид придобивки.

Заложбите на ОСМУ ,, Д-р Јован Калаузи,, се насочени на своите вработени да им овозможи трасирање на тој пат. Во тој контекст се запазуваат следните чекори:

- ***детектирање на потребите и приоритетите*** – произлегува од сознанијата добиени со увид во активностите поврзани со наставата: планирања и подготовки, користење на образовна технологија и современи активни форми и методи за работа ( од посета на часови), од анализата од страна на стручните активи и барањата на наставниците
- *Активности за професионален развој*
- *Личен професионален развој*
- *Хоризонтално учење* - пренесување и размена на професионално искуство преку стручните активи, посета на часови и работилници

За учебната 2025/2026година предвидени се следните обуки за стручно усовршување на наставниот кадар:

| | |
|---|---|
| **- активно вклучување во сите обуки во организација на МОН, БРО; ЦССОО; НВО....**<br><br>- Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава,<br><br>- Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици (приоритетна програма).<br><br>- Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и слично)<br><br>-,,Ненасилна комуникација" | **Обука со надворешни акредитирани обучувачи** |
| **- обуки од лмс- системот за учење на БРО** | |

| | |
|---|---|
| **- обуки од иновет- системот за учење на ЦСОО** | **Он-лајн обуки со надворешни обучувачи** |
| **- обуки од едуино- системот за учење на БРО и МОН** | |
| **- обуки во рамки на тековните проекти во кои партиципира училиштето: УСАИД, МИМО, проектот за интеграција на еколошка едукација во образовниот систем** | Обука со надворешни акредитирани обучувачи |
| **- дисеминација во рамки на проектите кои се реализираат во училиштето во организација на членовите на тимовите** | Интерни обуки од страна на наставници кои ги посетиле обуките и поседуваат сертификатите од овие области |
| **- обука за изготвување на објективни тестови на знаење со наставници приправници-тим за оценување** | |
| **- обука за современи форми и методи на работа и поттикнување на креативноста кај учениците** | |
| **-обуки во областа на инклузија и работа со ученици со попреченост и потешкотии во учењето** | Обуки во организација на УИТ со надворешни соработници во областа и претставници на Ресурсните центри за поддршка |

Самообразованието е само уште една потврда за движење во вистинската насока кон успехот и се состои од; следење на стручна и научна литература, активно учество на научни собири, симпозиуми, организирање и учество во реализирање на предавања од својот домен на работа, пратење на мас-медиумски средства на комуникација и вклучување во комјутерските системи и мрежи.

Училишниот тим за професионален развој на училиштето го сочинуваат директорот, претседателите на стручните активи и стручните соработници.

***Личен професионален развој***

Професионалниот развој не е само  акумулација на нови знаења, туку и нивна примена во практиката и подготвеност да се внесат промени во начинот на работа, во односот кон учениците, колегите и родителите, како и во начинот на комуникација кој се практикува во училиштето Тој воедно води и во кариерно напреддување на воспитно-образовниот кадар.

Наставниците во Република Северна Македонија се обврзани професионално да се усовршуваат Секој наставник индивидуално и колективно стручно се усовршува. индивидуално преку следење на стручна литература и колективно преку учество на семинари и обуки. За неговиот професионален развој се води портфолио.

Самообразованието е само уште една потврда за движење во вистинската насока кон успехот и се состои од; следење на стручна и научна литература, активно учество на научни собири, симпозиуми, организирање и учество во реализирање на предавања од својот домен на работа, пратење на мас-медиумски средства на комуникација и вклучување во комјутерските системи и мрежи. Сите погоре наведени обуки во насока на реализирање на настава со користење на ИКТ технологија повеќето наставници самоиницијативно ги посетуваат он-лајн а потоа ги споделуваат со своите колеги и разменуваат искуства

***Хоризонтално учење***

Стручните активи редовно одржуваат состаноци на кои дискутираат и разменуваат искуства и мисления. Исто така посетуваат и меѓусебно часови. Освен за размена на професионално искуство тимската соработка е многу важна и продуктивна за развивање на отворена комуникација, взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации.

## Вклученост на семејствата во училиштето

Тргнувајќи од фактот дека семејството и училиштето имаат една основна заедничка цел, а тоа е правилен развој и воспитание на младата личност, тогаш успешното реализирање на истата е незамисливо без континуирано и успешно организирана меѓусебна соработка.

МОН предвидува поддршка на родителите преку програми за советување на родители и активно учество на родителите во Советот на родители, кој дава мислење за програмата за развој на училиштето и годишната програма за работа, предлага мерки за подобрување на наставата и воннаставните активности, учествува во самоевалуацијата на работата на училиштето и во оценувањето на исполнетоста на стандардите за наставници и стручни соработници.

Семејството за правилен развој на своите деца во училиштето има моќен сојузник. “ Воспитувањето и процесите на развој на младиот човек во современиот живот стануваат многу сложени. Покрај семејството и училиштето, врз младиот човек дејствуваат и многубројни фактори и ситуации. Во таа смисла се усложнува и воспитната улога на семејството. Тоа е упатено да бара помош од училиштето на поширок план, а не само за успехот во учењето на своите деца,, (Г. Поповска, Отвореност на семејството и училиштето, Просветно дело 64, Скопје, 2011г)

ОСМУ “ Д-р Јован Калаузи,, одамна ја надмина практиката од 3-4 информативни родителски средби на кои најчесто се даваат информации за успехот на детето, или средби кои се инцидентни во зависност дали станува збор за нередовност во наставата, непримерно однесување и слично. Родителите се партнери во училиштето чија соработка може да се почувствува во повеќе подрачја:

| | |
|---|---|
| ***животот и работата на училиштето*** | **Совет на родители кој активно учествува во планирање, организација, реализација и евалуација на активностите на училиштето и работата на училишниот одбор и донесувањето одлуки, детектирање и отстранување на различни дефекти од материјална природа, обезбедување на донации и спонзорства...** |
| | |
| ***процесот на*** | **Редовно информирани и консултирани за наставниот процес, новините кои го пратат, потешкотиите во однос на следењето** |

| | |
|---|---|
| ***учење*** | **на наставата и нивно надминување, увид во електронски дневник** |
| | |
| ***активностите во училиштето*** | **Организација на екскурзии, излети, посети на установи од интерес на наставните програми, приредби, промоции од различен каратер и други вон-наставни активности, хуманитарни акции..** |
| | |
| ***донесување олуки*** | **Одлуки за избор на униформи, дестинација за екскурзијаи патување, фотографрања, одредени неопходни набавки во интерес на наставата, промоции, склучување на соработка и партнерства..** |
| | |
| ***Едукација на семејството*** | **Советодавно-консултативни советувања, брошури и информативни флаери за родители.** |

Иако вратите на училиштето се секогаш отворени за родителите, секој раководител на паралелка има одредено термин за соработка со нив. Не се ни новина и таканаречените “ *денови на родителите* “ кога тие заедно со учениците и нивните наставници учествуваат во организирањето на различни солидарни акции и културни активности по повод Новогодишните и Велигденските празници, како и активностите на училиштето по повод Патрониот празник.

Секако дека контактите нема да се воспоставуваат само со доаѓањето на родителот во училиштето. Телефонската комуникација или писменото обраќање во одредени случаеви исто така се во интерес на воспоставување контакти со родителите. Со ова просторот за соработка не е исцрпен што се потврди и со позитивните искуства на електронска комункација која дел од раководителите на паралелките успееја да ја воспостават во услови кога наставата беше он-лајн а физичкото присуство на родителите во училиштето беше ограничено заради заштитните протоколии.

Сите овие активности сметаме дека ќе го зајакнат и надградуваат воспитниот момент во развојот на учениците, бидејќи и училиштето и семејството се институции со заеднички интерес - развиток на здрава млада личност.

- **План на одржување на родителските состаноци со основните содржини**

Во текот на учебната 2025/2026 година ќе се одржат најмалку пет родителски средби од кои две во прво и три во второ полугодие. Првата родителска средба ќе се одржи во септември, втората до средина на ноември, третата на средина на јануари, четвртата најдоцна до крајот на април, а последната во јуни, на крајот на учебната година. На општите родителски средби, родителите ќе се запознаат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно, ќе се дадат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот и ќе се подготват пригодни стручни предавања на соодветни теми.

| **Содржини:** | **време** |
| --- | --- |
| Прифаќање на училишните обврски и запознавање со начинот на организирање и реализација на воспитно-образовниот процес, согласно препораките на МОН, и препораките и протоколите кои ги достави во врска со реакција и постапување во случај на кризна ситуација<br>Задолжување со бесплатни учебници и бесплатен превоз за тековната учебна година<br>Запознавање со содржините и активностите од Годишната програма<br>Дискусија за екскурзии, посети, набљудувања планирани за тековната учебна година<br>Информации во врска со тековни активности карактеристични за секоја генерација:теоретска настава, практична настава, дополнителна и додатна настава, изборна настава, педагошки мерки, советувања, Државна матура, Завршен испит, феријална пракса, униформи за практична настава... | септември |
| Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тромесечие<br>Редовноста на учениците во текот на првото тромесечие<br>Давање на увид на евидентните листови | ноември |

| | |
|---|---|
| Предлог мерки за подобрување на успехот, за организација и реализација на наставата | |
| Анализа на постигнатиот успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие<br>Редовноста на учениците во текот на првото полугодие<br>Дискусија за активностите планирани во второто полугодие (во зависност од годината на образование може да се однесуваат на: стручни екскурзии посети на установи, определување за изборна настава, ДМ и ЗИ, кариерно насочување...)<br>Поделба на евидентните листови | јануари |
| Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот од третото тримесечие<br>Редовноста на учениците во текот на третото тримесечие<br>Давање на увид на евидентните листови<br>Предлог мерки за подобрување на успехот | април |
| Анализа на успехот и поведението на учениците на крајот на учебната година<br>Поделба на свидетелства<br>Како корисно и интересно да се искористи летниот распуст | јуни |

Надвор од индивидуалните средби на родителите со наставниците, предвидени се термини за отворени денови за родители и тоа:

- секој последен петок во месецот во периодот 13:00-15:00 часот за I и II година

- секој последен понеделник во месецот во периодот 13:00-15:00 часот за III и IV година.

За актуелни настани, случувања или посочени потешкотии и проблеми, родителските средби ќе се закажат надвор од оваа бројка и план, со цел на нивно надминување и во интерес на учениците.

## Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Отвореноста на училиштето како димензија на училишниот живот и работа, има исклучително значење во процесот на иновирање на училиштето и прераснувањето во функционално воспитно-образовна установа усогласена со потребите на општеството и потребите на ученикот. Значајна поддршка на промените на училиштето и училишното окружување нудат современите пристапи и образовни концепции во кои училиштето се третира како отворена, флексибилна институција во однос на окружувањето. Отвореноста на училиштето треба да се насочи пред сè кон заинтересираните актери од локалната заедница, со што наставниот процес би станал побогат, поисполнет и примерен на учениците, нивните потреби и интересирања. Иновативните пристапи ги опфаќаат сите аспекти на училишниот живот и работа, како наставата така и вонучилишните активности. Во автентично природно опкружување, (амбиент), наставниот процес е насочен кон истражување, создавање. Учењето во различни амбиенти во природа (биологија, хемија, фармакогнозија), културни установи, образовни установи, историски установи, музеи, (општествени предмети) здравствени установи (стручни предмети) се дел од подрачјата каде училиштето сè повеќе се отвара со цел развивање критичко набљудување и размислување кај учениците, поттикнување на мотивацијата и интерситe.

| ***ОСМУ " Д-р Јован Калаузи " - Битола*** | | |
|---|---|---|
| ***Соработка со институции*** | МОН, ЦССОО, БРО | Добивање информации и насоки за работа.. |
| | Болници, аптеки, здравствен дом, ЦСР | (практична настава, стручно информиране, УПР |
| *Општествено културни установи* | Театар, Музеи.. | (екскурзии, посети, истражувања..) |
| *Соработка со родители* | Приуство на состаноци, вон-наставни и наставни активности, учество во стручни органи и тела | Подобрување на услови за работа, унапредувањена развојот на личнота, збогаување на вештините и знаењата на учениците.. |
| *Соработка со НВО-* | Семпер, Престиж, Биосфера, " О " " | подигнување на свеста, градење морални и општ. вредноси, |

| | | |
|---|---|---|
| | насилство,<br>Креатива 5+ | градење на позитивни ставов, неформално едуцирање, збогатувањена личниот развој.. |
| *Основни и средни училишта* | Сите основни и средни училишта од градот и пошироко | ПОС, заеднички активности, унапредување на воспитно-образовните активности |
| *Соработка со високообраз. институции* | Факултети од целата држава | ПОС, кариерен развој, посети.. |
| *Меѓународна соработка-* | Еразмус, | Развивање партнерста, размена на искуства, проширување на видици, стекнување нови знаења..<br>Подигнувањена имиџот на училиштето и унапредување на училишната клима и култура. |

Училиштето како дел од општственото окружување и живеење мора да развива и негува комуникација со истата за да се промовира себеси како фактор кој влијае на истата. Соработката со локалната средина и односите со јавноста не можат да се гледаат изолирано туку секогаш како дел од комуникациската, оперативната и развојната стратегија на училиштето, односно како дел од целокупната работа на училиштето. Воспоставувањето на стабилни односи со јавноста се неопходни за добивање на силна поддршка, висок морал, финансиска стабилност и активни партнери во работата на училиштето.

Своето одговорно и транспарентно работење, директорот го изразува преку јакнење на комуникацијата во самото училиште и комуникацијата со неговата околина (локалната самоуправа) при што го промовира и надградува професионализмот во областа на комуникациите и односите со јавноста. На ваков начин се овозможува заинтересираните родители и други граѓани да станат активни учесници во работата на училиштето.

Секако, станува збор за различни канални системи на пренесување и примање на информации и тоа: усна, пишана и електронска комуникација и тоа со сите субјекти

неопходни за функционирањето на училиштето (Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Центар за средно стручно образование, локална самоуправа, Државен просветен инспекторат, социјални партнери, невладини организации, високообразовни институции, основни и средни училишта, институции од областа на културата и многу други).

Од посебно значење е соработката на училиштето со локалните медиуми во информирање на граѓанството за работата на училиштето, промоција на неговите успеси и резултати од натпревари, промовирање на проектни активности, а сето тоа како начин на одржување на репутацијата на училиштето.

Динамиката, реализацијата и реализаторите можат да се проследат низ активностите на СУА, стручните активи, стручните соработници како и во извештајот за работа.

| | Активност | Вид на комуникација | Динамика |
|---|---|---|---|
| **Локална заедница** | Промотивни активности пред граѓаните на Битола по повод Патрониот празник на училиштето | Презентации, промотивни материјали | Октомври 2025 |
| | Поддршка на општинските активности за одбележување на денот на ослободувањето на Битола | Учество на ноќната трка | Ноември 2025 |
| | Фискална едукација на младите | Предавање од страна на вработени на УЈП | Ноември 2025 |
| | Сетски ден на лицата со посебни потреби-марш на плоштадот Магнолија | Поддршка вклучување во активностите | 2 декември 2025 |
| | Новогодишни активности | Хуманитарни хепенизи | IV недела декември 2025 |
| | Посета на учениците од Заводот за рехабилитација надеца со оштетен слух “ Кочо Рацин,,<br>Гинеколошка болница “ | Вклучување во новогодишните празнувања | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Плодност,,<br><br>Психијатриска болница во Демир Хисар<br><br>Професионално информирање на деветтодделенците од окружувањето<br><br>Професионално информирање на матурантите од страна на виоко-образовни институции и факултети<br><br>Дом за стари лица, завод за рехабилитација на говор и глас<br><br>НВО сектор | Посета<br><br>Промоција на образовни профили<br><br>Промоција на студиски програми<br><br>Хуманитарни хепенинзи<br><br>Вклучување во проекти, работилници, предавања | Март 2026<br><br>Април 2026<br><br>Мај 2026<br><br>2026<br><br>Новогодишни Велигденски празници<br><br>Континуирано , според укажана можност |
| **Институции од областа на културата** | НУ Музеј Битола<br><br>Археолошки локалитет Хераклеа Линкестис<br><br>Културно-историски знаменитости во Охрид и Св. Наум<br><br>Музеј на холокаустот | Посети<br><br>Воспито-образовни и научно-стручни екскурзии | Според динамиката предвидена во програмите на стручните активи |
| **Медиуми** | Локални телевизии:Тера, Печатени медиуми:Битолски весник, Социјални мрежи и портали, ФБ-страна на училиштето | Писмена и електронска комуникација, видео записи за разни случувања поврзани со случувањата и училишното работење | Во континуитет со динамиката на предвидените/ реализираните активности |

- ***Тим кој  учествувал во изработката на ГПР:***

Горан Талевски – директор

Васка Стојановска-пом. директор

Александар чапрагоски – координатор за практична настава

Цветанка Христовска –училишен психолог

Елена Дуковска Димовска - училишен педагог

Лилјана Билјановска– наставник по англиски јазик

Марија Тановска -  наставник по македонски јазик

Дарија Саматова - наставник по македонски јазик

Татјана Трајковска – стручен наставник

Марија Котевска-наставник по спорт и спортски активности

Гордана Османли – наставник по биологија

Елизабета Грујоска Марковска – стручен наставник

Николче Лековски – наставник по практична настава

***Датум : 26. 08. 2025 год.***

***Директор***

***Горан Талевски***

_______________________

***Претседател на УО***

***Билјана Чапрагоска***

_______________________